Површината на планскиот опфат изнесува 2,43 ha и низ планскиот опфат поминува оптички кабел за кој имаме издадено услови за планирање на просторот за поставување на подземна мрежа со оптички кабел на подрачјето од Скопје-Куманово до граничен премин Табановце со техн.бр. Y13506.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во "Просторниот план на Република Македонија".

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Изградбата на предвидената бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) на м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово на површина од 2,43 ha, ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната и национална економија и согласно определбите на Просторниот план на Р.Македонија треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.**
- **Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на локацијата со планираната намена на земјиштето.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Скопско-Кумановскиот земјоделско стопански реон со 14 микрореони.**

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Во функционирањето на бензинската пумпна станица во употреба ќе бидат опасни супстанции: петрохемиски течности - сурова нафта, бензин, дизел гориво, гориво за греење и др. токсични супстанци кои можат да предизвикаат загадување на површинските и подземните води. За да се избегне емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површинските или подземните води при изработката на планската документација и при нејзината реализација мора да се предвидат сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици врз животната средина.
- При депонирање или отстранување на некоја супстанца или вршење на некоја друга активност која може да предизвика испуштање на загадувачки материи во подземните води, претходно мора да се изврши испитување на хидрогеолошките услови на соодветната област и да се предвидат и спроведат сите неопходни технички мерки на претпазливост.
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према “Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води”.
- При обезбедувањето на потребните количини на вода потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно водоснабдување, но и заштита на водите преку: оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот за водоснабдување, дефинирање на режимот на заштита во зоните, рационално користење на водите преку модернизација на водоснабдителната мрежа и синхронизирана изградба на водостопански објекти.
- Доколку при обезбедувањето на потребните количини на вода се користат подземни води експлоатацијата да биде врз основа на хидрогеолошки истражувања со што ќе се дефинира нивниот квантитетот и квалитет.
- На западната страна од планскиот опфат на бензинската пумпна станица минува водотек (Брзачки Поток) за кој при изработката на планската документација треба да се постапи согласно Законот за води.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Постојниот магистрален гасовод на делницата Куманово-Скопје минува низ локацијата за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), м.в. Чешма КО Агино**

Село, Општина Куманово заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници.

- Локацијата за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово нема конфликт со постојните и планирани преносни водови.
- За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Изградбата на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), во м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово,** би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- **Иницијативата за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), во м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово, го поддржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Јавни функции

- **Локацијата наменета за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), во м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово, е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции на локацијата, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на јавни функции.**

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
- **А1 (М-1)** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- **При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата **за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово** нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Индустрија

- **Изградбата на предвидената бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) на м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово на површина од 2,43 ha, ќе има посредно влијание, помеѓу другото и на развојот на индустријата, од причина што транспортот е битен фактор за развој на производните дејности во смисла на обезбедување повисока организација и интеграција на индустриските зони и комплекси, а бензинската станица како функција директно влијае врз квалитетот на транспортот преку услугите кои му ги обезбедува.**

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), КО Агино Село, Општина Куманово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

- Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензинската пумпна станица, да се засади со зеленило, со цел да се намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.
- Да се употребуваат сепаратори - маслофаќачи за собирање на површинските води од кругот на објектот.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), КО Агино Село, Општина Куманово, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Агино Село има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11,

23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Скопско - Кумановски туристички регион со утврдени 8 туристички зони и 17 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор којшто е од меѓународно значење.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), м.в. Чешма КО Агино Село, Општина Куманово, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со **јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), КО Агино Село, Општина Куманово, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

југ-југ

север-југ

северна

западна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат

Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПРИЛОГ НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА",
КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО

ТЕХНИЧКИ БРОЈ **14/21**
09.2022 год.

СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ....4
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА....4
3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ....5
3.1. Географски податоци....5
3.2. Геолошки чинители....5
3.3. Геомеханички чинители....6
3.4. Сеизмички чинители....6
3.5. Климатолошки чинители....6
3.6. Хидрографски чинители....7
3.7. Природни чинители....8
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РЕМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ....8
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ....8
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО....10
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА....10
7.1. Хидротехничка инфаструктура....11
7.2. Електро-енергетска инфаструктура....11
7.3. Телекомуникациска инфаструктура....11
7.4. Гасоводна инфаструктура....11
7.5. Сообраќајна инфаструктура....12
7.6. Железничка инфаструктура....12
8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ....12
9. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ....17

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ПРИЛОГ НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО

ЛОКАЦИЈА:	КП БР. 252/1, 253, 254/1, 255/1, 252/2, 254/2, 255/2 и делови од КП бр. 2669, 1192, 1193/3, 1194/2, 1195/2, 1197/2, 1198/2, 245/2, 246, 247/2, 248/1, 248/3, 248/4, 249/3, 249/4, 250, 251/2, 256/2, 257, 258/2, 259/2, 260, 261/2, 262, 263, 264, 265, и 260, М.В. „ЧЕШМА“, КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО
ПРЕДМЕТ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО
ОДОБРУВАЧ:	МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗРАБОТУВАЧ:	ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА “**ТАЈФА АРХИТЕКТИ**” ДООЕЛ КУМАНОВО

КУМАНОВО
А: УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23
Т: 070511131/078472484
Е: lazarevski@tajfa.mk

СКОПЈЕ
А: БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 17-3/2
Т: 023241130
Е: contact@tajfa.mk

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	14/21
ДАТУМ:	09.2022
УПРАВИТЕЛ:	

м-р **Стефан Лазаревски**, диа

РАБОТЕН ТИМ

Планер – потписник:

м-р **Стефан Лазаревски**, диа — Овластување бр. 0.0368

Планер:

м-р **Биљана Насковиќ**, диа — Овластување бр. 0.0369

Билјана Христоманова, диа — Овластување бр. 0.0428

Соработници урбанизам:

Томаида Димитровска, миа

Љубица Ефтимова, миа

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпа станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма“ , КО Агино Село, општина Куманово, зафаќа површина од 23473,36м^2 (2.35ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели КП бр. 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в. „Чешма“ , КО Агино Село, општина Куманово.

Границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 40 и кои се дадени табеларно со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		
	Y	X
T1	7557261.4196	4657901.3247
T2	7557271.48	4657958.0805
T3	7557300.4499	4658095.2035
T4	7557314.8887	4658140.5377
T5	7557296.1206	4658145.2626
T6	7557277.1650	4658078.7013
T7	7557249.9823	4657936.0005
T8	7557242.3237	4657875.9233
T9	7557230.2800	4657844.8700
T10	7557228.1500	4657827.8600
T11	7557123.4100	4657837.3900
T12	7557120.8700	4657827.4900
T13	7557123.8100	4657819.5200
T14	7557128.2400	4657809.1500
T15	7557124.8000	4657793.3500
T16	7557114.0900	4657779.4800
T17	7557114.8800	4657763.2400
T18	7557116.6800	4657744.6800
T19	7557125.0000	4657736.0900
T20	7557219.0200	4657747.4000
T21	7557227.5287	4657712.5266
T22	7557227.3648	4657671.9086
T23	7557227.2202	4657636.0442
T24	7557228.1964	4657566.9335
T25	7557232.1100	4657554.2080
T26	7557232.5060	4657518.5400
T27	7557232.6440	4657508.4960
T28	7557234.9255	4657483.6616
T29	7557237.5760	4657451.6850
T30	7557243.0430	4657383.7930
T31	7557244.0160	4657367.7780
T32	7557245.5900	4657342.9620
T33	7557246.9640	4657319.6100
T34	7557248.5380	4657298.9290
T35	7557248.3856	4657297.7122
T36	7557258.2834	4657297.7415
T37	7557254.6588	4657376.2991
T38	7557247.1224	4657474.7604
T39	7557240.8930	4657629.7213
T40	7557246.1385	4657753.3755

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004год. од Собранието на Република Македонија.

Следствено, локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) на КП 252/1, 253, 254/1 и КП 255/1, м.в. Чешма, КО Агино Село, Општина Куманово со технички бр. Y21421 од

септември 2021 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1363/2021 од 14.09.2021 година.
Условите за планирање се базираат исклучиво врз Просторниот план на РМ и се прилог кон оваа Документациона основа.

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие опфаќаат: географска и геопрометна положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

3.1. Географски чинители

Општина Куманово се наоѓа во северниот дел на Република Македонија. Оваа територија, најсеверните делови ги има северно од Козјак, во атарот на с.Мглинце, во долината на Мала Река, а најјужната се наоѓа во атарот на с. Живиње. Од најсеверниот до најјужниот дел во Кумановско, растојанието изнесува 43 км воздушна линија, а во правец исток-запад растојанието е 50,4 км.

Кумановскиот крај од соседните области е одделен со делови на стари грададни планини. На запад се издигаат огранците на Скопска Црна Гора, кои во овој крај се познати под името Карадак. На север се наоѓаат падините на Руен, додека падините на планината Козјак се спуштаат кон трговишка област. На исток е планината Герман со Славишката котлина, додека од јужната и југоисточна страна се ридестите терени на Градишка Планина со која брановидното Кумановско Поле е одделено од Скопската Котлина и Овче Поле. Кумановскиот крај (старата општина Куманово) во чии рамки денес егзистираат пет единици на локална самоуправа(Куманово, Старо Нагоричане, Липково, Орашац и Клечовце) зафаќаат површина од 1212 километри квадратни, што претставува 4,71% од територијата на република Макеоднија.

За сообраќајната поврзаност на општина Куманово од особено значење е магистралниот пат **А1** - (Граница со Србија - ГП Табановци – Куманово – Велес – Неготино - Демир Капија -Гевгелија - граница со Грција -ГП Богородица), како и магистралната железничка линија СР – Табановце – Скопје – Гевгелија – ГР со должина од 213,5км.

3.2. Геолошки чинители

Геолошката градба на Кумановско е разновидна, со различна старост и припаѓа, главно, на две зони: Вардарската и Родопската. Планините главно припаѓаат на Родопската маса која се смета за постара. Во овој дел спаѓаат планините Скопска Црна Гора, Руен и Козјак. Западно од Куманово се протегаат огранците на Скопска Црна Гора на која се наоѓа највисокиот врв во областа, Рамно со 1651 метар. Во северниот дел од областа се протегаат делови од планината Руен, која со поголем дел се наоѓа во Србија. Источно од Руен е средновисоката планина Козјак.

Предметната локација се наоѓа на стрмен терен, на надморска височина која се движи од околу 358.589м во највисоката точка во северниот дел од проектниот опфат, до околу 346.655м во најниската точка во западниот дел од проектниот опфат.

3.3. Геомеханички чинители

Според својата положба, Кумановската Котлина припаѓа на геотектонската целина позната како Вардарска зона. Ова подрачје претставува сегмент од некогашната езерска фаза на развиток на Скопско-кумановскиот басен, за што сведочат огромните депозити на езерски седименти. Во градбата на теренот се дефинирани две литостратиграфски единици и тоа: плиоценски седименти и квартарни седименти. Во рамките на плиоценските седименти се детерминирани серија на песоци и глини и серија на песоци и чакали кои всушност претставуваат и локална база на квартарната серија. Серијата на песоци и глини има широко распространување во Кумановската Котлина, и во неа се среќаваат разновидни ситнозрни седименти без одредена суперпозициона карактеристика, со бочни премини и мошне изразена разновидност во гранулацијата.

Серијата на песоци и чакали е исто така широко распространета и практично претставува завршен циклус на плиоценската езерска фаза, во која е евидентна фацијална доминација на чакалите. Од минеролошки петрографски аспект истите се составени од валутоци кои потекнуваат од ободните карпести маси на Скопска Црна Гора, претставени со кварц, шкрилци, гнајсеви, мермери, серпентинити, кварцити и слично. Песоците од оваа серија се наоѓаат во вид на интеркалации или поголеми леќи со сличен минеролошко петрографски состав.

3.4. Сеизмички чинители

Подрачјето на Кумановската Котлина геотектонски припаѓа на Вардарската зона, формирана со алпската орогенеза, а седиментацијата на структурите е формирана во езерската фаза на плиоценот. Според изнесените инжинерско-геолошки карактеристики, теренот е изграден од стени со постојани физичко-механички својства. Според досегашните сеизмолошки појави теренот е категоризиран со интензитет на сеизмичност до 8º по МЦС скалата (максимално очекувани интензитети). Заради тоа подрачјето се катактеризира со сизмички неповолни инжинерско-геолошки услови и се смета за сеизмички чувствителна средина.

3.5. Климатолошки чинители

Подрачјето на регионот се карактеризира со умерено континентална клима, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечната годишна температура на воздухот е 11.7ºC. Годишната амплитуда на температурата изнесува 22,2ºC. Максималната просечна годишна температура е 17.6ºC, а минималната е 6.1ºC. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39,5ºC) и апсолутно минималната (-23,1º C) изнесува 62,6ºC. Во овој простор има интензивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден.

Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%. Најголема влажност има во декември и јануари од 85%, февруари 83%, а најмала влажност во јули и август по 60%. Како резултат на ниските температури во регионот должината на мразниот период изнесува 166 дена просечно годишно и има 20 дена со снег и 38 дена со град, а доста се чести појави на магла особено во зимските месеци. Просечно годишно се магловити 30 дена. Поројните дождови се појавуваат просечно 6,7 дена во годината. Според

врнежите (дожд, снег и град) подрачјето е со релативно мали временски нееднакво распределени врнежи. Тие варираат како по годишните сезони, така и од година во година. Просечно годишно врнежите изнесуваат 506,8 мм., со максимум во мај (68,9мм.) ноември (53,6мм.) и јуни (52,3 мм.) и минимум во август (26,6мм.), јануари (32,6мм.) и февруари (32,9мм.).

Според воздушните струења овој простор припаѓа во релативно ветровити подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰ (најмали во Р.Македонија). Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.2 м/сек. Најголема честина има во јуни, јули и јануари. Изразити по честина се северозападниот 105‰, југозападниот 69‰, јужниот ветер 68‰, североисточниот 58‰, југоисточниот 43‰, западниот со честина од 13‰ и источниот ветар со честина од 7‰.

Подрачјето на регионот се карактеризира со умерено континентална клима, со модифицирани летни температури условени од северните континентални влијанија и со распоред на поголеми врнежи преку зимскиот период, како резултат од медитеранскиот плувиометриски режим.

Просечната годишна температура на воздухот е 11.7ºС. Годишната амплитуда на температурата изнесува 22,2ºС. Максималната просечна годишна температура е 17.6ºС, а минималната е 6.1ºС. Разликата помеѓу апсолутно максималната (39,5ºС) и апсолутно минималната (-23,1º С) изнесува 62,6ºС. Во овој простор има интензивна инсолација со времетраење од 2204 часа сончев сјај годишно или 6.3 часа дневно. Бројот на ведри денови е 102 дена, облачни има 161 ден и тмурни 101 ден.

Релативната влажност на воздухот просечно годишно изнесува 72%. Најголема влажност има во декември и јануари од 85%, февруари 83%, а најмала влажност во јули и август по 60%. Како резултат на ниските темературни во регионот должината на мразниот период изнесува 166 дена просечно годишно и има 20 дена со снег и 38 дена со град, а доста се чести појави на магла особено во зимските месеци. Просечно годишно се магловити 30 дена. Поројните дождови се појавуваат просечно 6,7 дена во годината. Според врнежите (дожд, снег и град) подрачјето е со релативно мали временски нееднакво распределени врнежи. Тие варираат како по годишните сезони, така и од година во година. Просечно годишно врнежите изнесуваат 506,8 мм., со максимум во мај (68,9мм.) ноември (53,6мм.) и јуни (52,3 мм.) и минимум во август (26,6мм.), јануари (32,6мм.) и февруари (32,9мм.).

Според воздушните струења овој простор припаѓа во релативно ветровити подрачја, бидејќи просечно годишниот број на тишините изнесува 306‰ (најмали во Р.Македонија). Доминантен е северниот ветер кој дува преку цела година со просечна честина од 331‰ и просечна брзина од 3.2 м/сек. Најголема честина има во јуни, јули и јануари. Изразити по честина се северозападниот 105‰, југозападниот 69‰, јужниот ветер 68‰, североисточниот 58‰, југоисточниот 43‰, западниот со честина од 13‰ и источниот ветар со честина од 7‰.

3.6. Хидрографски чинители

Просторот на кој се предвидува изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, припаѓа на водостопанското подрачје “Пчиња” кое го опфаќа сливот на реката Пчиња од границата меѓу Р. Македонија и Р.Србија до вливот во реката Вардар.

За целосно искористување на хидропотенцијалот на површинските водотеци во ВП “Пчиња” изградени се акумулациите “Липково” и “Глажња” на Липковска Река. Основна

намена на акумулациите е наводнување на земјоделските површини, водоснабдување на населението, заштита од големи води и задржување на наноси.

Од хидролошки аспект во Кумановската област се среќаваат подземни води, извори на минерална вода, како и вештачки акумулации. Освен реките Пчиња и Крива Река, позначајни реки во овој крај се Кумановска Река, која настанува од Липковска и Којнарска Река, потоа Слупчанска, Отљанска и Матејачка Река. Во Липковскиот реон, на Липковската река се изградени две акумулации: Липковската бетонска лачна брана, изградена во 1958 година, висока 37 метри со површина од 0,40 км² а акумулацијата Глажња, исто така бетонска лачна рана, изградена во 1971 година, висока 80 метри, долга 344метри, со езеро кое зафаќа површина од 0,97 квадратни километри.

Во Кумановскиот крај има неколку извори на минерална вода. Најпознати се оние кај селото Проевце, потоа во Липково, кај с. Стрновац, во Клечовце и други. Засега лековитите води од овие извори единствено се искористени во с.Проевце, со Кумановската Бања и експлоатација на минералните води во с.Проевце и Клечовце. Температурата на водата на Проевските извори изнесува 28 степени.

3.7. Природни чинители

Подрачјето на проектниот опфат претставува претежно стрмен терен со благи падови од север кон запад, без некои поголеми особености во однос на природни и пејсажни карактеристики.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РЕМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат се наоѓа вон градежен реон и во рамки на истиот нема изградено никакви постојни објекти, додека во однос на сообраќајна и комунална инфраструктура и супраструктура, во рамки на проектниот опфат и во негова непосредна близина, изведен е постоен телекомуникациски инсталации, а покрај проектниот опфат поминува Магистралниот пат **А1** (М1- Е75) - Граница со Србија - ГП Табановци – Куманово – Велес – Неготино - Демир Капија -Гевгелија - граница со Грција -ГП Богородица, со кој е овозможен пристап до предметната локација. Истиот е изведен со променлива ширина.

5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Врз основа на извршена посета на терен, како и анализа на ажурираната геодетска подлога (изработена од Друштво за производство, трговија, инжинерски услуги и консалтинг „Цветковски Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје, со дел. бр.73-3/21 од Јули 2021 година), направена е инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, земјиштето, вкупната физичка супраструктура и зеленилото. Соодветно на тоа, изработена е табела во која е прикажана целокупната изграденост на теренот, состојбата, видот и степенот на изграденост на делот од катастарската парцела во рамките на проектниот опфат.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА										
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО						ПРОЕКТЕН ОПФАТ_П=2.35ха				
Број на катастарска Парцела	Број на градба	Класа на намена	Намена	Состојба	Тип на градба	Катност	Површина на катастарска Парцела (м²)	Изградена површина (м²)	Површина (м²)Бруто развиена	Процент на изграденост (%)
Дел од 2669	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	1398.67	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	52.07	/	/	/
Дел од 1191	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	19.23	/	/	/
Дел од 1192	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	204.58	/	/	/
Дел од 1193/3	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	241.13	/	/	/
Дел од 1194/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	269.80	/	/	/
Дел од 1195/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	176.46	/	/	/
Дел од 1197/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	763.64	/	/	/
Дел од 1198/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	358.50	/	/	/
Дел од 245/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	424.56	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	11.04	/	/	/
Дел од 246	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	444.67	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	1.05	/	/	/
Дел од 247/2	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	357.95	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	48.81	/	/	/
Дел од 248/1	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	228.15	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	41.54	/	/	/
Дел од 248/4	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	248.23	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	46.77	/	/	/
Дел од 248/3	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	239.40	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	56.37	/	/	/
Дел од 249/4	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	509.62	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	99.80	/	/	/
Дел од 249/3	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	292.79	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	126.14	/	/	/
Дел од 250	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	1225.62	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	173.27	/	/	/
Дел од 251/2	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	0.04	/	/	/
	/	Е1	магистрален пат	/	/	/	3.92	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	255.28	/	/	/
252/2	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	0.23	/	/	/
	/	Е1	насип	/	/	/	263.14	/	/	/

252/1	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	2666.12	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	10.14	/	/	/
253	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	2690.14	/	/	/
	/	E1	магистрален пат	/	/	/	1.96	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	322.88	/	/	/
254/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	126.90	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	241.65	/	/	/
254/1	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	2218.81	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	52.14	/	/	/
255/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	192.65	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	164.89	/	/	/
255/1	/	/	градежно неизградено земјиште	/	/	/	1654.83	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	30.30	/	/	/
Дел од 256/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	149.18	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	125.52	/	/	/
Дел од 257	/	E1	магистрален пат	/	/	/	130.08	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	78.90	/	/	/
Дел од 258/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	628.52	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	356.40	/	/	/
Дел од 259/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	476.85	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	278.34	/	/	/
Дел од 260	/	E1	магистрален пат	/	/	/	41.23	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	29.29	/	/	/
Дел од 261/2	/	E1	магистрален пат	/	/	/	169.09	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	81.49	/	/	/
Дел од 262	/	E1	магистрален пат	/	/	/	162.95	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	92.42	/	/	/
Дел од 263	/	E1	магистрален пат	/	/	/	635.22	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	498.15	/	/	/
Дел од 264	/	E1	магистрален пат	/	/	/	110.71	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	458.53	/	/	/
Дел од 265	/	E1	магистрален пат	/	/	/	3.54	/	/	/
	/	E1	насип	/	/	/	11.08	/	/	/
						Вкупно	**23473.36**			

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 08-2073/2 од 12.10.2021 година, констатирано е дека на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат евидентирани недвижни добра археолошки локалитет **„Мала Сарајлија“**, идентификуван како населба од неолитско и римско време (викус), и археолошки локалитет **„Романовско поле“**, идентификуван како населба од железно и римско време.

Поради тоа а во согласност со одредбите од член 69 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Министерството упатува на контактирање со НУ Национален конзерваторски центар Скопје, како надлежна установа

за заштита, при што истиот треба да изврши увид во границите на опфатот, и да се произнесе со стручно мислење и утврдување соодветен режим на заштита.

Согласно Извештајот од извршен увид во границите на проектниот опфат на предметниот урбанистички проект бр. 08-404/3 од 25.10.2021 година, стручниот тим на НУ Национален конзерваторски центар Скопје констатира дека:

- На територијата на Агино Село, Општина Куманово се наоѓаат два евидентирани археолошки локалитети: „Мала Сарајлија“ и „Романовско Поле“;
- Во близина на границите на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти се наоѓа археолошкиот локалитет „Мала Сарајлија“, евидентиран како населба од неолитско и римското време (викус), со бр. 4-817-001/65 ЕНД. Лоциран е на северниот дел од селото, на место кое селото го викаат Сарајлија, на десната страна од Брзачка Река. Локалитетот не е пристапен за детална површинска проспекција.
- Од увидот, односно со површинска проспекција на самата локација за планираната бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, која опфаќа голема површина, откриени се само два фрагменти садова керамика со хронолошка припадност на доцниот неолит. И покрај деталната површинска проспекција на предметната локација не може да се препознаат археолошки остатоци, ни други до сега неевидентирани културни добра. Поради тоа, се претпоставува дека забележаните фрагменти керамика се донесени од просторот каде што е лоциран археолошкиот локалитет „Маја Сарајлија“.

Оттука, наведено е дека пред отпочнувањето на градежни и/или земјени работи, Изведувачот е должен да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор на земјените работи.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Поектниот опфат, предмет на разработка на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се карактеризира со тоа што комуналната инфраструктура: водоводната, атмосферска, фекалната, гасоводна и електро-енергетска мрежа, не се застапени во рамки на проектниот опфат, како ни во негова непосредна близина. Додека пак, телекомуникациската инфраструктура е застапена во рамки на проектниот опфат, на начин прикажан во графичките прилози.

Исто така, во близина на проектниот опфат е застапена сообраќајна инфраструктура односно покрај проектниот опфат поминува магистралниот пат А1 - (Граница со Србија - ГП Табановци – Куманово – Велес – Неготино - Демир Капија -Гевгелија - граница со Грција -ГП Богородица).

7.1. Хидротехничка инфаструктура

Согласно известувањето од ЈП "Водовод" Куманово, бр. 10-1686/2 од 06.09.2021 година, во рамките на предметниот проектниот опфат нема инсталации во сопственост на претпријатието, ниту располагаат со детални технички податоци за постоечка подземна инсталација (водоводна мрежа, фекална канализација) изградена од местото население.

Согласно известувањата од АД Водостопанство на РМ - Скопје бр. 11-2146/3 од 06.10.2021 година и бр. 11-2383/3 од 26.10.2021 година, во рамките на предметниот проектен опфат нема свои објекти и инфраструктура со кои стопанисува.

7.2. Електро-енергетска инфаструктура

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр.10-55/5-240 од 20.09.2021 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат нема електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје.

Согласно известување од АД МЕПСО, бр.11-5066/1 од 09.09.2021 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно известувањата од АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ, бр. 08-4331/1 од 20.09.2021 година и бр. 08-4877/1 од 19.10.2021 година, наведено е дека на предметниот проектен опфат АД ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој проектен опфат.

7.3. Телекомуникациска инфаструктура

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр.37960 од 06.09.2021 година, во рамките на предметниот проектен опфат има постојна МКТ инфраструктура:

- оптички кабел, на начин прикажан во графички прилози.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр.1404-2449/2 од 13.09.2021 година, на посочената локација има постојна инфраструктура со која располага Агенцијата за електронски комуникации:

- оптички кабел, на начин прикажан во графички прилози;
- канал, на начин прикажан во графички прилози.

7.4. Гасоводна инфаструктура

Согласно податоците и информациите добиени од ГА-МА АД, Скопје, бр.0308-1403/2 од 22.09.2021 година, на наведениот проектен опфат има магистрален гасовод Ø426мм.

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП Куманово-Гас, Куманово, бр.03-165/1 од 06.09.2021 година, во рамки на предметниот проектниот опфат нема реализирана-изведена ниту планирана, дистрибутивна, гасоводна мрежа.

Согласно податоците и информациите добиени од Национални енергетски ресурси, Скопје, бр.03-2783/2 од 13.09.2021 година, на наведениот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

7.5. Сообраќајна инфаструктура

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за државни патишта бр.10-9123/2 од 16.09.2021 година, покрај проектниот опфат поминува магистралниот пат А1 (претходно означување М-1), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидување проширување ниту менување на сегашната траса.

7.6. Железничка инфаструктура

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура бр.2001-5247/2 од 16.09.2021 година, проектниот опфат се

наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

8. ДРУГИ ПОДАТОЦИ ОД СУБЈЕКТИТЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Врз основа на став 4 од член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20 и 219/21), испратено е барање за достава на податоци и информации, вклучително и проектни решенија за соодветни инфраструктурни инсталации до релевантните органи на државна управа и други субјекти, бр.03-105/2 од 03.09.2021 година. Освен погоре - опишаните податоци и информации, наведени се и следните барања од различните субјекти.

Јавно претпријатие за државни патишта

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за државни патишта бр. 10-9123/2 од 16.09.2021 година, покрај приложениот проектен опфат поминува магистралниот пат А1 (претходно означување М-1), за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во дописот се наведува во понатамошни активности да се запази ширината на заштитниот појас на магистралниот пат (автопат) А1 (М-1) согласно член 40 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16). Дополнително се наведува да бидат исполнети и одредбите од член 313 од Правилникот за технички елементи за изградба и реконструкција на патишта (Сл. Весник на РМ бр. 110/09, 114/09, 26/10, 124/10, 163/10, 94/11 и 146/11), кој се однесува на најмалото растојание до најблиската званична клучка или друг легален приклучок на прислужно – услужен објект.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг бр. 10-55/5-240 од 20.09.2021 година, при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

ГА-МА АД, Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од ГА-МА АД Скопје, бр. 0308-1403/2 од 22.09.2021 година, при изработка на Урбанистичкиот проект потребно е да се земе во предвид изведениот магистрален гасовод и придржување кон “Правилникот за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт” (Службен лист на СФРЈ бр.26/85).

Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа, бр. 11-4417/5 од 08.10.2021 година и бр. 11-

4417/6 од 13.12.2021, констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја утврдени со закон.

ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА
УЛ. ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО | ТЕЛ/ФАКС 023241130 | 070511131 | 078472484 | contact@tajfa.mk

До
Министерство за животна средина и просторно планирање,
Сектор за животна средина

Друштво за архитектонски дејности и
инженерство
техничко испитување и анализа
ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ увоз-извоз
Дел. бр. 03-105/4 од 06.10.2021 година
Куманово

ПРЕДМЕТ: Повторно барање на податоци и информации
ВРСКА: Наше барање бр. 03-105/2 од 03.09.2021 год. (постапка на е-урбанизам бр. 37960 од 03.09.2021)

Почитувани,

По предходно доставено барање за податоци и информации наш бр. 03-105/2 од 03.09.2021 година, вашата институција се нема произнесено во врска со податоци и информации за постојни и/или планирани инсталации, инфраструктури или градби под заштита. Затоа, согласно член 47, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), а во врска со изработка на:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ
НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА",
КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО

повторно Ве молиме да ни ги доставите сите податоци и информации за постојни и/или планирани инсталации, инфраструктури или градби под заштита, со цел истите да бидат вградени во предметниот план.

Напоменуваме дека доколку, во рок од 5 дена не ни ги доставите бараните податоци и информации со кои располагате „евентуалните идни штети, настанати поради недоставувањето на податоците и информациите или неодговарањето на барањето се на ваш товар".

ПРИЛОГ:

- Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат **(dwg и pdf формат);**
- Писмо допис дел. бр. **03-105/2 од 03.09.2021** година **(pdf формат)**.

ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ: м-р Стефан Лазаревски, диа
Е-ПОШТА: contact@tajfa.mk
ТЕЛ/ФАКС: +389(0)23241130
МОБ.ТЕЛ. +389(0)70 511131

ЗА ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ,
м-р **СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ**, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

Примено / E pranuar	06.10.2021		
Орг. Един. / Nj. org.	Број / Numër	Прилог / Shtojcë	Вредност / Vlera

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово

Бр/Nr. 10-9123/2

16 -09- 2021

Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
ул. Живко Чало бр.23
1300 Куманово

Предмет:Податоци и информации

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 03-105/2 од 03.09.2021год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат (автопат) А1 (М-1), на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в.„Чешма“, КО Агино Село, општина Куманово, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-9123/1 од 13.09.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граници на проектен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека покрај планскиот опфат поминува, за кој во плановите на Јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса.

Во понатамошните активности да се запази ширината на заштитниот појас на магистралниот пат (автопат) А1 (М-1), согласно член 40 во Законот за јавни патишта ("Сл.Весник на Р.М." бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16, бр.163/16 и бр.174/21), а воедно да бидат исполнети и одредбите од член 313 во Правилникот за технички елементи за изградба и реконструкција на патишта ("Сл.Весник на Р.М" број 110/09, бр.114/09, бр.26/10, бр.124/10, бр.163/10,бр.94/11 и бр.146/11), кој се однесува за најмалото растојание до најблиската званична клучка или друг легален приклучок на прислужно-услужен објект.

Со почит,

Директор
Ejup Ruskeni

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал: З.Велков
Одобрил: d-r E.Latifi

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/5-240 од 20.09.2021
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072 932 596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго: Во согласност со податоците од службената евиденција, во дадениот опфат/локација, НЕМА електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Датум: 20.09.2021



СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 37960
Дата: 06.09.2021

До
ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, УВОЗ-ИЗВОЗ – КУМАНОВО
УЛ. ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО

Ваше упатување	Барање на податоци и информации
Наше контакт лице	Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон	+389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со	Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в.ЧЕШМА, КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура дадена во графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков



Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 08-2073/2
12.10 2021 година
Скопје

ДО
ТАЈФА АРХИТЕКТИ
ул. „Живко Чало“ бр. 23
1300 Куманово

ПРЕДМЕТ: Доставување податоци и информации
ВРСКА: Ваш бр. 03-105/4 од 06.10.2021 год.

Во врска со вашето барање за добивање на податоци за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за Бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, КО Агино Село, Општина Куманово., Управата за заштита на културното наследство врз основа на доставената и постојната документација констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат евидентирани недвижни добра археолошки локалитет **„Мала Сарајлија”**, идентификуван како населба од неолитско и римско веме (викус), и археолошки локалитет **„Романовско поле”**, идентификуван како населба од железно и римско време .

Поради тоа а во согласност со одредбите од член 69 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Ве упатуваме да контактирате **со НУ Национален конзерваторски центар Скопје**, како надлежна установа за заштита да извршат увид во границите на опфатот, да се произнесат со стручно мислење и доколку е потребно да утврдат соодветен режим на заштита.

Со почит,

Директор,
Аџо Костов

Изработил: И. Ширтовски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Република Северна Македонија
НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
IN QENDRA NACIONALE E KONSERVIMIT - SHKUP
Republic of North Macedonia
NI NATIONAL CONSERVATION CENTER OF CULTURAL HERITAGE - SKOPJE

Дел.бр. 08-404/3
Дата: 25.10.2021

ДО
Тајфа Архитекти ДООЕЛ-Куманово
ул. Живко Чало бр. 23

1300 К У М А Н О В О

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање
ВРСКА: Ваш бр. 03-105/5 од 18.10.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци за постоење на културно наследство во границите на проектниот опфат за изработка на **Урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма“, КО Агино Село, Куманово**, во прилог на ова писмо Ви доставуваме Извештај од направениот увид.

Со почит,

Д и р е к т о р,

Mr.sc. Memet Selmani

Прилог: Извештај од увид

Изготвила: д-р Сања Ивановска Велкоска
Одобрила: м-р Цветанка Хаџи Пецова

Адреса: “Јосиф Михајловиќ” бр.7, П.Фах. 225, 1000 – Скопје, тел: (02) 3227-240; факс (02) 3289 888;
Adresa: Rr: “Јосиф Михајловиќ” nr.7, Kutia postale 225, 1000 - Shkup, tel: (02) 3227-240; faks (02) 3289 888;
Address: “Josif Mihajlovic” br.7, P.O.Box 225, 1000-Skopje, tel. (** 389 2) 3227-240, fax:3289 888,
Web: http://www.heritage.gov.mk, email: contact@heritage.gov.mk; rzsindok@mt.net.mk

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 08-404/3
25.10.2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

ИЗВЕШТАЈ

од извршен увид
во границите на планскиот опфат
на Урбанистички план за бензиска пумпна станица
со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75),
на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1,
м.в. „Чешма“, КО Агино Село, Куманово

Врз основа на Барање на податоци од страна на Тајфа Архитекти ДООЕЛ-Куманово, со бр. 03-105/5 од 18.10.2021 година, за постоење на културно наследство во границите на проектниот опфат за изработка на **Урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма“, КО Агино Село, Куманово**, Директорот на НУ НКЦ Скопје издаде Решение за формирање на стручен тим со бр. 08-404/2 од 20.10.2021 година, во состав:

- д-р Сања Ивановска Велкоска, археолог, советник конзерватор, раководител;
- Елизабета Расолкоска, дги, конзерватор, член;
- Марјан Ацковски, ист.на уметноста, документатор.

На ден 22.10.2021 година стручниот тим во полн состав, направи увид во границите на проектниот опфат за изработка на Урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма“, КО Агино Село, Куманово.

Врз основа на доставената документација (Ажурирана годетска подлога со граници на проектен опфат, доставено на ЦД), расположливата документација во НУ НКЦ (Евиденцијата на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје на недвижно културно наследство на територија на Република Македонија – археолошки локалитети, сакрални и профани објекти, Археолошка карта II на Република Македонија, Скопје 1996 и друга стручна литература), како и направениот увид на предметниот опфат, стручниот тим констатира дека:

- На територија на Агино Село, Општина Куманово се наоѓаат два евидентирани археолошки локалитети: „Мала Сарајлија“ и „Романовско Поле“;
- Во близина на границите на проектниот опфат односно во близина на самата локација за планираната бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти се наоѓа археолошкиот локалитет „Мала Сарајлија“, евидентиран како населба од неолитско и римското време (викус), со бр. 4-817-001/65 ЕНД. Лоциран е на северниот дел од селото, на место кое селото

го викаат Сарајлија, на десната страна од Брзачка Река. Локалитетот не беше пристапен за детална површинска проспекција;

- Од увидот односно со површинска проспекција на самата локација за планираната бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти, која опфаќа голема површина, се откри ја само два фрагменти садова керамика со хронолошка припадност на доцниот неолит. И покрај деталното површинска проспекција на предметната локација не може да се препознаат археолошки остатоци, па ни други до сега неевидентирани културни добра. Поради тоа, претпоставуваме дека забележаните фрагменти керамика се донесени од просторот каде што е лоциран археолошкиот локалитет „Мала Сарајлија".

Според горенаведеното, во текот на спроведувањето на Урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. „Чешма", КО Агино Село, Куманово се наложува задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор, кој ќе врши археолошки конзерваторски надзор при изведување на земјените работи односно откоп за поставување на предметните објекти.

Оттаму, пред отпочнувањето на градежни и/или земјени работи, Изведувачот е должен ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор на земјените работи.

Исто така, Ве известуваме дека во Годишната програма за работа на НУ НКЦ за 2021-2022 година не се предвидени средства за овие активности, па финансискиот товар паѓа на терет на Инвеститорот.

Напоменуваме дека доколку за време на изведување на градежни и земјени работи, на места кои не се предвидени во доставениот Извештај, на просторот каде ќе се врши ископ за поставување било какви пропратни објекти, биде откриено движно и/или недвижно културно наследство, согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, Изведувачот е должен веднаш да ги сопре работните активности и за настанатата ситуација да ја извести надлежната установа односно НУ Национален конзерваторски центар - Скопје.

Изготвила,

д-р Сања Ивановска Велкоска,
археолог, конзерватор советник





општина **Куманово**	нас.место **Агино Село**	Предмет: **Урбанистички проект вон опфат на УП за бензиска пумпна станица, КО Агино село, општина Куманово**
Снимено со: **GPRS Dragon**	дата: **22.10.2021 г.**	
снимил **Ацковски Марјан**		опис: **Лоцирање на предметна локација**
обработил:	**Ацковски Марјан**	
раководител:	**д-р Сања Ивановска Велкоска**	



Сл. 1



Сл. 2



Сл. 3



Сл. 4



Сл. 5



Сл. 6



Сл. 7

општина **Куманово**	нас.место **Агино Село**	Предмет: **Урбанистички проект вон опфат на УП за бензиска пумпна станица, КО Агино село, општина Куманово**
Формат на фото: Дигитално	дата: **22.10.2021 г.**	
снимил **Ацковски Марјан**		опис: Сл.1-6 Предметна локација за изградба на бензиска пумпна станица Сл.7 Фрагменти керамика откриени површински на предметната локација
обработил:	**Ацковски Марјан**	
раководител:	**д-р Сања Ивановска Велкоска**	

Позиционирање на археолошки локалитети во

КО Агино село, О. Куманово



Легенда:

1. Археолошки **локалитет**

,, Мала Сарајлија''

2. Граници на опфат

КП 252/1,253,254/1 и 255/1

Изготвиле

д-р Сања Ивановска Велкоска ,

археолог- советник

Елизабета Расолкоска,дги, конзерватор

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр 0308-1405/2
22-09-2021 год.
СКОПЈЕ

Тајфа Архитекти
Куманово

Предмет: Потврда за подземни инсталации
Врска: Ваш допис бр. 03-105/2 од 03.09.2021 год.

По извршениот преглед на Вашата ситуација за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП БР 252/1, 253,254/1и 255/1, м.б. "ЧЕШМА" КО Агино Село, Општина Куманово, утврдивме дека на предвидениот плански опфат има магистрален гасовод со *Ф* 426мм

При изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП БР 252/1, 253,254/1и 255/1, м.б. "ЧЕШМА" КО Агино Село, Општина Куманово, потрбно е да го земете во предвид изведениот магистрален гасовод и да се придржувате во се кон "Правилникот за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт" (Службен лист на СФРЈ бр. 26/85).

Прилог: Ситуација со вцртана траса на изведен магистрален гасовод со Ф 426мм

Скопје, 21.09.2021 год.

ГА-МА АД Скопје
Одделение за Е-Одобрение за градба и Е-Урбанизам
Раководител

Галабинка Христовска

ГА-МА АД – Скопје
Одделение за геодетски работи и согласности
Раководтел

Сашко Петрески


Magistralen gasovod
Blok stanica

ОПШТИНА КУМАНОВО

ЈП КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
NP KUMANOVE-GAZ KUMANOVE

Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти
КУМАНОВО- ГАС КУМАНОВО Ц.О
Ndermarrja publike per ndertim te objekteve
KUMANOVE-GAZ KUMANOVE
Ул. Фетка Наскова бр.22 1300 Куманово
Тел/фах. 031/433-331
Меил: { HYPERLINK "mailto:kumanovgas@t-home.mk" } Ж-ска: 210060809440142
ЕДБ: МК4017006157178
Депонент: Тутунска Банка-Скопје

Бр.Nr. 03-1165/1
06.09. 2021 год. vib.
К УМАНОВО – KUMANOVE

До

Друштво за архитектонски дејности и инженерство,
техничко испитување и анализа
ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
ул."Живко Чало" бр.23
1300 КУМАНОВО

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Од Ј.П."Куманово - Гас",Куманово, ул."Братство Единство", бр.20

Во врска со Вашето барање Дел. бр.03-105/2 од 03.09.2021 год. Наш бр.03-3/159 од 03.09.2021 год., за добивање податоци за постојна и планирана гасоводна мрежа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план, за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1(А1-Е75), на КП БР 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в. "ЧЕШМА", КО Агино село, Општина Куманово, Ј.П."**Куманово - Гас**", **Куманово** Ве известува дека на предметниот плански опфат нема реализирана -изведена ниту планирана, дистрибутивна, гасоводна мрежа.

Со почит,

Во Куманово 06.09.2021 год.
Изготвил: Марина Давидовска, дги
Контролирал: Олгица Димитријевска, диа

ЈП КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
ВД Директор

м-р Никола Денковски, Дипл.економ.

Република Македонија
Општина Куманово

ЈП"ВОДОВОД"КУМАНОВО

БР.03-105/2 од 03.09.2021 год.

Бр. Nr.10 -1686/2
Дата: 06.09.2021 година.vite

ЈП "ВОДОВОД" Куманово
NP "VODOVOD" Kumanovë

Ул "Фетка Наскова" 22,
1300 Куманово
Тел. 031/475-540,
Факс 031/475-541,
e-mail:kuvod@t-home.mk
www.vodovod-kumanovo.com.mk

Одд за водоснабдителни објекти
ул."11Октомври" бр.бб
Тел. 031/427-848

Одд пречистителна станица
с.Добрашане
Тел. 031/453-311

До

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, УВОЗ-ИЗВОЗ - КУМАНОВО
ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА
ул."Живко Чало"бр.23, 1300 Куманово

Предмет : Достава на податоци и информации за постоечки инфраструктура

Почитувани,

Одговор на писмо **бр.03-105/2 од 03.09.2021 год.** согласно член 35, став (3) од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14; 44/15; 195/15; 31/16; 163/16) доставено е барање за вцртување на постоечка подземна инсталација поради изработка на:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕ ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП 252/1; КП 253; КП254/1; КП 255/1; М.В."ЧЕШМА" КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО

Во врска со Вашето барање Ве информираме дека на горенаведената локација не постојат наши инсталации.
За постоечка подземна инсталација (водоводна мрежа, фекална канализација) изградена од месно население не располагаме со детални технички податоци.

Изработил : геод. инж. Снежана Илијевска
/Тех. во одд. за ГИС проектирање/

Одобрил : диа Дарко Петковски
/Технички раководител/

ЈП"Водовод"Куманово
В.Д. Директор
Горан Стојковски

ВОДОВОД ц.о. VODOVOD с.о. Куманово-Kumanovë

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3та Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm@hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11 – 2146/3
06. 10 2021 год.

До: Тајфа Архитекти ДООЕЛ Увоз -Извоз- Куманово
Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа.
Ул."Живко Чало" бр.23 1300 Куманово

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр.03-105/2 од 03.09.2021 наш бр. 2146 од 07.09.2021

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање Ваш бр. 03-105/2 и наш бр.2146 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации кои имаат влијание во постапката за изработка на Измена и дополна на детален урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в "Чешма" КО Агино село, општина Куманово,

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје на планскиот опфат за изработка Измена и дополна на детален урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в "Чешма" КО Агино село, општина Куманово, нема свои објекти и инфрасруктура со кои стопанисува.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малзарков

АД Водостопанство на РСМ – Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

АД Водостопанство на РСМ-Скопје

ул. 3та Македонска бригада бр.10а Скопје тел. 02/3161-168;02/ 3223-772
vsm.rm @hotmail.com jpvodostopanstvo@yahoo.com /advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: Тајфа Архитекти ДООЕЛ Увоз -Извоз- Куманово
Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа.
Ул."Живко Чало" бр.23 1300 Куманово

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост
Бр. 11-2383/3
26.10 2021 год.
Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр.03-105/4 од 06.10.2021 наш бр. 2383 од 06.10.2021

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со повторното барање со Ваш бр. 03-105/4 и наш бр.2383 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации кои имаат влијание во постапката за изработка на Урбанистички ппроект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в "Чешма" КО Аргино село, Општина Куманово,

Ве известуваме:

АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје на планскиот опфат за изработка Урбанистички ппроект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в "Чешма" КО Аргино село, Општина Куманово, нема свои објекти и инфраструктура.

Со почит,

Изготвил: Марјан Дојчиновски
Контролирал: Слободан Дојчинов
Одобрил: Коста Малзарков

АД Водостопанство на РСМ – Скопје
Главен извршен директор
Васко Стефанов

Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост Скопје

Наш број: 1404-2449/2
Скопје: 13 .09.2021 г.

ДО:
Тајфа Архитекти ДООЕЛ увоз-извоз Куманово
ул.Живко Чало бр.23
1300 Куманово

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 03-105/2 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в."ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО, према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 06.09..2021г

Советник на директорот: Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk



Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Тајфа архитекти

ул. Живко Чало бр.23

1300 Куманово

Бр.11-5066/1

09.09.2021

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.03-105/2 од 03.09.2021 година (наш број 11-5066 од 06.09.2021 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) на КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. "Чешма", КО Агино село во Општина Куманово, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

3-И-0740-101_01-1

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр: 08-4331/1
Скопје, 20-09-2021

До: **ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ**
ул. Живко Чало 23, 1300 Куманово
1300 Куманово

Предмет: Известување за Барање на податоци и информации за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис број 03-105/2 од 03.09.2021 година, по електронски пат, а во врска изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, М.В."Чешма", КО Агино село, Општина Куманово, Ве известуваме дека на предметниот плански опфат АД ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој плански опфат.

Со почит,

Изработил: Бранко Панчевски, Горан Стоилов, Давид Марашевиќ, Александар Стоилков
Одобрил: Влатко Павлески

ДИРЕКТОР
ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
дипл. ел. инж. Благој Гајдарџиски

Ко:
- Архива
- Оддел за развој

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр: 08-4877/1
Скопје, 19 -10- 2021

До: **ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ**
ул. Живко Чало 23
1300 Куманово

Предмет: Известување за Барање на податоци и информации за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис број 03-105/4 од 06.10.2021 година, по електронски пат, а во врска со изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП Бр 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в."Чешма", КО Агино село, општина Куманово, Ве известуваме дека на предметниот плански опфат АД ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој плански опфат.

Со почит,

Изработил: Бранко Панчевски, Горан Стоилов, Давид Марашевиќ, Александар Стоилков
Одобрил: Влатко Павлески

ДИРЕКТОР
ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
дипл. ел. инж. Благој Гајдарџиски

Ко:
- Архива
- Оддел за развој

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-4417/5

Дата/Data: 08.10.2021 год./viti

ДО/DERI TE: ТАЈФА Архитекти ДООЕЛ УВОЗ ИЗВОЗ

Ул.живко чало 23, 1300 Куманово

ПРЕДМЕТ/LENDA: Известување

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-4417/1 од 03.09.2021 година доставено од страна на ТАЈФА АРИТЕКТИ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КУМАНОВО кое се однесува на барање на податоци и информации Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружница и услужни објекти на магистрален пат М1(А1-Е75), на КП бр 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в Чешма КО Агино село, Општина Куманово, Република Северна Македонија. Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-4417/3 од 30.09.2021 година), извршена е идентификација на предметниот опфат и констатирано е дека истиот се наоѓа надвор од граници на заштитени подрачја утврдени со закон.
Со почит,

Me respekt

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
в.д.Директор/u.d Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Контролирал/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов
Одобрил/Aprovoi: м-р Влатко Трпески

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-4417/6

Дата/Data: 13-12-2021 год./viti

ДО/DERI TE: ТАЈФА Архитекти ДООЕЛ УВОЗ ИЗВОЗ

Ул.живко чало 23, 1300 Куманово

ПРЕДМЕТ/LENDA: Известување

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-4417/1 од 03.09.2021 година доставено од страна на ТАЈФА АРИТЕКТИ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ КУМАНОВО кое се однесува на барање на податоци и информации Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружница и услужни објекти на магистрален пат М1(А1-Е75), на КП бр 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в Чешма КО Агино село, Општина Куманово , Република Северна Македонија. Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-4417/3 од 29.09.2021 година), извршена е идентификација на предметниот опфат и констатирано е дека истиот се наоѓа надвор од граници на заштитени подрачја утврдени со закон.

Me respekt

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
в.д Директор/u.d Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Контролирал/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов
Одобрил/Aprovoi: м-р Влатко Трпески

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

Арх.бр./Nr.Arh. 11-4919 /4

Дата/Data: 10. 11. 2021

ДО/DERI TE: Тајфа Архитекти Дооел – Куманово

ул. Живко Чало 23, 1300 Куманово

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање бр.03-105/4 од 06.10.2021 година за издавање на податоци и информации кои може да имаат влијание на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпа станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1- Е75), на КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, м.в "Чешма" КО Агино село, Општина Куманово, по разгледувањето на доставената документација и извршената идентификација на локацијата од страна на Службата за просторен информативен систем, Ве известуваме дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Македонија, а притоа е во непосредна близина на еден постојан воден тек. Предметната локација не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот План на Република Македонија 2002-2020, за истата не располагаме со соодветни геопросторни податоци за заштитни зони за водени тела наменети за консумирање од страна на човекот, управата за животна средина – Сектор води при Министерството за животна средина и просторно планирање Ве известува дека во согласност со Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016), при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот;
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;

- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

5. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

6. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М . бр.18/99).

7. Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанции, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работата и одржуваат во согласност со најдобри достапни техники прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.

8. Во случај на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализационен систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, како и да ги преземе сите пропишани мерки за спречување и намалување на негативните последици по животната средина.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење на води, односно Дозвола за испуштање во водите под услови и на начин утврдени со овој закон.

Во однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.

Воедно Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планиранскиот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
в.д.Директор /u.d.Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi:Nazmije Idrizi
Контролирал/Kontrolloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

27. 09. 2021

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 - 7402 / 4

ДО: ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање податоци и информации, со Ваш бр. 03-105/2 од 03.09.2021 година, во прилог Ви го доставуваме одговорот од ПЕ Куманово, со Арх.бр. 72-468/2 од 23.09.2021 година.

Со почит,

Раководител на сектор,
Жанета Ѓорѓиевска

Изработил: Борче Лозановски
Контролирал: Аднан Алии

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:	24.09.2021		
Орг. единица Nj. Organizative	Број Numri	Прилог Shtojca	Вредност Vlera
	40-7402/3		

23 Септември 2021

АРХИВСКИ БРОЈ: 72-468/2

ДО: **Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост**

ПРЕДМЕТ: Известување по барање информација

ВРСКА: Ваш допис бр.40-7402/2 од 16.09.2021 година

Арх.знак/Shenja ark. _____
Рок на чување/Afati i ruajtjes _____ год.
_____ 20___ год.
Потпис/Nënshkrimi

Почитувани,

Согласно Вашето барање на информација за закуп на катастарски парцели дадени во табеларен преглед од Ваша страна, а потребна за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75), на КП бр 252/1, 253, 254/1 и 255/1 за КО Агино Село општина Куманово.

Ве информираме дека за наведените КП за КО Агино Село, се водат во приватна сопственост на Друштво за трговија на мало со моторни горива и мазива Алби Компани Доо Скопје.

Со почит,

Раководител на П.Е
Куманово
М-р Насер Даути

Изработил: Ферид Џеладини
Контролирал: Валентина Спасовска
Согласен: Слаѓана Антиќ

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: e-urbanizam, постапка бр. 37960

бр. 12-8/2021-293
06.09.2021 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација, при што утврдија дека во зафатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 08.00-15.00 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Република Северна Македонија

ОПШТИНА КУМАНОВО
Сектор за урбанизам

Во акта — Арх. знак:
Рок на чување:
Петлис,
Куманово

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Општина Куманово
Komuna e Kumanovës
Бр/Nr: 21-8056/2
Дата/Data: 10.11.2021

Улица.11 Октомври бб,
1300, Куманово
Rruga: 11 Tetori, p.n,
1300, Kumanovë
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veruit
Контакт/Kontakt
Тел/Tel: +389 31 475 830
e-mail: info@kumanovo.gov.mk
www.kumanovo.gov.mk

До
ТАЈФА АРХИТЕКТИ
ул. Живко Чало, бр.23
Куманово

Предмет: Одговор на барање податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање бр.21-8056/1 за доставување на податоци и информации за легализирани објекти по основ на правен статус на бесправно изградени објекти на просторот на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1 –Е75), На КП 252/1, КП 253, КП 254/1 и КП 255/1, м.в. ,,ЧЕШМА,, КО Агино село, – Општина Куманово. Ве известуваме дека на дадениот опфат **нема** легализирани објекти по основ на правен статус на бесправно изградени објекти.

Со почит,

Изготвил: Ивана Величковска, дги. _____

Контролирал : Злате Илиевски, дии. _____

Сектор за урбанизам,

Раководител
Емилија Сларидис Јаневска, диа

_____

М.П.

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

До:
ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово

Бр.-Nr. 03-2783/2
13.09.2021 год.viti
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на податоци и информации, со ваш бр. 03-105 /2 од 03.09.2021 год.

Согласно вашето Барање на податоци и информации, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в.ЧЕШМА, КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО, со ваш бр. 03-105 /2 од 03.09.2021 година.

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
909

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
Бр. Nr. 2001-5247/2
16 -09- 2021 20
Skopje-Shkup год./vit

До

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, УВОЗ - ИЗВОЗ - КУМАНОВО

ул.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 Куманово

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање со бр. 03-105/22 од 03.09.2021година и број на постапка 37960 од е-урбанизам, со кое барате податоци и информации, а кои Ви се потребни за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЕНЗИСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА МАГИСТРАЛЕН ПАТ М1 (А1-Е75), НА КП БР 252/1, 253, 254/1 И 255/1, м.в. „ЧЕШМА", КО АГИНО СЕЛО, ОПШТИНА КУМАНОВО, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Со почит,

Пом. Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Ленче Груевска, д.и.г.

Согласен: МихајлоТилиќ, д.г.и.

Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

Број 19/2-11/232

Датум 04 .10.2021 година

Друштво за архитектонски дејности и инженерство,
техничко испитување и анализа
ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово
ул. „Живко Чало“ бр.23
1300 Куманово

Министерство за одбрана на
Република Северна Македонија

Сектор за недвижности
Одделение за недвижности

бул. Св.Климент Охридски, бр 15
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282571
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Потврда, доставува,-
Врска: Ваше барање број 03-105/2 од 03.09.2021 година,-

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, со прилог на ситуација со предвидена траса, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија - Сектор за недвижности - Одделение за недвижности, ја дава следната

П О Т В Р Д А

Внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај ќе се планира во рамките на планираната градежна парцела. Обезбедувањето на соодветен број на паркинг места ќе биде основен услов за изградба на максимално дозволената височина и површина за

градба, а согласно член 59 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

2.13. Стационарен сообраќај

Минималниот број на паркинг места се определува согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20, 219/21 и 104/22) според следните нормативи:

- Е2 – Згради и комплекси на патниот сообраќај: потребниот број на паркинг места се утврдува согласно бројот и структурата на вработени, односно врз основа на просечниот степен на моторизација.
- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200m² и П+1 кат): 1 паркинг место на 100m² од вкупно изградената површина;
- Б3 – Големи единици за угостителска дејност: 1 паркинг место на 20m² од вкупно изградената површина;

Со предметниот урбанистички проект обезбедени се вкупно 45 паркинг места, од кои за:

- Е2 – Згради и комплекси на патниот сообраќај: обезбедено е 1 паркинг место за 6 вработени (степен на моторизација од 6).
- Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200m² и П+1 кат): обезбедени се 2 паркинг места за 143m²;
- Б3 – Големи единици за угостителска дејност: обезбедени се 28 паркинг места за 570,00m²

Со предметниот урбанистички проект обезбедени се вкупно 31 паркинг места за автомобили, од кои 2 се наменети за лица со инвалидитет, 3 паркинг места за комбиња, 4 паркинг места за автобуси и 7 паркинг места за товарни возила, на начин прикажан на графичките прилози.

2.14. Нивелманско решение

Вертикалната поставка на планираните сообраќајни површини во рамките на проектниот опфат е условена со постојниот терен и истата е утврдена врз основа на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога во К.О. Агино Село, дел бр. 73-3/21, изработен од Друштво за производство, трговија, инжинерски услуги и консалтинг „Цветковски Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје, заверен во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 1110-124/2021 од 29.07.2021 година. Со предметниот Урбанистички проект, целосно се усвојува нивелманскиот план на постојниот магистрален пат .

Котата на градбата и пристапот ќе се усогласат со нивелетата на постојниот магистрален пат и условите на теренот. Во графичките прилози прикажани се апсолутните коти.

Основни водови на инфраструктура

2.15. Водоводна мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП "Водовод" Куманово, бр. 10-1686/2 од 06.09.2021 година, наведено е дека во рамки на проектниот опфат и негова непосредна близина нема постојна ниту планирана водоводна мрежа.

Имајќи го ова во предвид, за водоснабдувањето на објектите во рамки на градежната парцела за санитарните потреби на вработените, како и за потребите на хидрантската мрежа за противпожарна заштита е предвидено да се изведе со сопствен бунар.

Со предметниот урбанистички проект, санитарните и против пожарните количини на вода ќе се обезбедат со бунар при што веднаш по бунарот ќе се предвидат одделни резервоари за санитарна вода и против пожарна заштита а во самиот бунар ќе се предвиди мерење на количината на вода која ќе се експлоатира.

Резервоарот за против пожарна заштита ќе биде армирано-бетонски објект, кој ќе биде димензиониран да ја покрива целата количина на вода за гаснење на пожар со истовремено користење на 2 хидранти од по 5l/s односно: 2*5l/s=10l/s со времетраење на 2 часа. Со што волуменот на резервоарот би изнесувал 2*60*60*10= 72m^3.

Од резервоарот директно со помош на пумпи ќе биде обезбедена хидрантска против пожарна мрежа со дијаметар DN110mm, во форма на прстен со кој ќе се обеезбеди циркулација на водата, на кој прстен ќе бидат поставени самите против пожарни хидранти. Од истата мрежа ќе се спроведе и инсталација за поставување на против пожарни хидранти и во објектите.

Со помош на пумпите ќе се обезбеди и соодветниот притисок од 2,5 бари во најкритичниот хидрант.

Резервоарот за санитарни потреби ќе биде од монтажен тип, поставен на армирано-бетонска плоча и од него со помош на пумпи ќе биде обезбедена гранкаста водоводна мрежа со која ќе се доведе вода до секој од објектите.

Во следната табела е дадена пресметката на потребна количина на вода сумарно за сите објекти:

Табела. Определување на количини на вода за целиот објект

Ред. Бр.	Санитарен објект	n	Е.О. (ладна)	SE.O. (ладна)	q (ладна)
1	Клозетско казанче	27	0.25	6.75	0.65

2	Мијалник	31	0.5	15.5	0.98
3	Мијалник кујна	4	0.5	2	0.35
4	Шанк	4	0.5	2	0.35
5	Писоар	12	0.25	3	0.43
6	Туш	5	0.5	2.5	0.40
				31.75	**1.41**

Се појавува потреба од 1.41l/s, со оваа потреба и 16 часовна работа на пумпите со довод од 1l/s, колку и се очекува да се добие од бунарот се појавува потреба за резервоар со волумен од 10m^3. Доколку во фаза на експлоатација се појави потреба од дополнителна количина на вода во ресторантскиот дел тогаш ќе се зголемат работните часови на пумпите. Главната водоводна цевка со која се доведува вода до објектите се предвидува со дијаметар DN40mm.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна водоводна мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

За горе-опишаното проектно решение, се добиени позитивни мислења од ЈП „Водовод“ Куманово, бр.10-372/2 од 17.02.2022 година и Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Куманово, бр. 09-59/2 од 14.02.2022 година.

2.16. Фекална канализациона мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП "Водовод" Куманово, бр. 10-1686/2 од 06.09.2021 година, наведено е дека во рамки на проектниот опфат и негова непосредна близина нема постојна ниту планирана фекална канализациона инфраструктура.

Со предметниот урбанистички проект, отпадните фекални води, предвидено е да се одведат до попивателен бунар како финален реципиент, по предходен соодветно биолошко прочистување во биолошки пречистителни станици за отпадни води. Овој бунар повремено ќе се празни со цистерна во договор со надлежно локално комунално претпријатие или ако се добие соодветна согласност истите по предходно прочистување може да се испуштаат во површинскиот водотек од западната страна, за што е неопходно да се произнесе соодветната институција.

Фекалната канализација е предвидена како една линија која ги зафаќа водите од објектите и ги одведува до пречистителна станица за соодветен третман. На оваа линија се предвидени ревизиони шахти во кои се извршени и самите испусти од објектите.

Во следната табела е прикажана пресметката за оптоварувањето на надворешната фекална канализација.

Вид	N	p [%]	q_0	Q
Цел објект				
WC	29	7.60	2	4.41
Туш	5	36.00	0.7	1.26
Мијалник кујна	4	50.00	0.33	0.66
Мијалник	31	15.00	0.07	0.33
Шанк	4	50.00	0.33	0.66
Писоар	12	28.00	1.33	4.47
				11.78

Од услов за минимален дијаметар е усвоено DN200mm, со што со минималниот наклон од 0.5% би се појавил полнеж од 90mm или околу 50% од дијаметарот и брзина од 0.9m/s.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна фекална мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

За горе-опишаното проектно решение, ЈП „Водовод“ Куманово, се произнело позитивно со мислење бр. 10-372/2 од 17.02.2022 година.

2.17. Атмосферска канализациона мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП "Водовод" Куманово, бр. 10- 1686/2 од 06.09.2021 година, наведено е дека во рамки на проектниот опфат и негова непосредна близина нема постојна ниту планирана атмосферска канализациона мрежа.

Во непосредна близина на објектот постои природен реципиент во кој може да се испуштат атмосферските води од платото околу објектите и од кровот на самите објекти, за што е потребна соодветна согласност.

Со овој урбанистички проект, предвидено е еден дел од атмосферските води да се одведат во попивателни бунари, останатиот дел од платото да се реши со можност за површинско одводнување и атмосферските води да се одводнуваат по терен во рамки на самата парцела на инвеститорот.

Додека делот кој ги опфаќа пумпите за точење и просторот за застанување на цистерната за дополнување на резервоарите со гориво предвидено е да биде одводнет во маслофаќач. По поминувањето на овие води низ маслофаќачот предвидено е да се одведе во попивателни бунари, како финални реципиенти, со предходно соодветно третирање преку механичко отстранување на песокта со песколов и соодветно биолошко прочистување во биолошки пречистителни станици за отпадни води.

Со оглед на групирањето на сливниците не се појавуваат големи количини на води во попивателните јами а ни во самите цевководи. Предвидено е секој сливник да одводнува површина не поголема од 300m^2 и нивниот распоред е усвоен согласно наклоните на проектираното плато во нивелетското решение од фаза патишта. Предвиден е маслофаќач согласно пресметаните количини за проток <25l/s.

Димензионирањето на атмосферските колектори се врши по формулата:

$$q = Q \times F \times \varphi \times \Psi$$

φ - коефициент на каснење кој зависи од сливната површина

Ψ - коефициент на отекување-усвоен Ψ = 0,6

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува: F=1,28ха. Средните коефициенти на оттекување ќе се пресметаат по формулата:

Ψ= F1xΨ1 +F2xΨ2 + F3 x Ψ3 / ΣF

$$\Psi = \frac{0,15 x\, 0.80 + 0,44 x\, 0.15 + 0,69 x\, 0.85}{1,28} = 0,6 \text{ l/s}$$

каде:

F1 - Површина под покриви од градби

F2 – Површини под зеленило

F3 - Површина под сообраќајници и тротоари

Ψ1-Коефициент на отекување од покриви

Ψ2-Коефициент на отекување од зеленило

Ψ3-Коефициент на отекување од улици, тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

Ø= 1/ ΣF = 1/ 1,28 = 0.78

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$$Qatm = F\, x\, q\, 1\, x\, \Psi\, (l/sec) = 1,28\, x\, 110\, x\, 0,6 = 84,48 l/sec$$

F – вкупна сливна површина (ха)

q_1 – специфичен истек (110)

Ψ – просечен коефициент на истекување (0,6)

Сите цевки од атмосферската канализација се со усвоен дијаметарво согласност со условот за минимален дијаметар за надворешна канализација односно DN300mm.

Дополнителна разработка на планираната надворешна и внатрешна атмосферска мрежа ќе се доработи согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со Основен проект.

За горе-опишаното проектно решение, ЈП „Водовод“ Куманово, се произнело позитивно со мислење бр. 10-372/2 од 17.02.2022 година.

2.18. Електро-енергетска инфаструктура и објекти

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, бр.10-55/5-240 од 20.09.2021 година, наведено е дека во рамки на предметниот проектниот опфат нема електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје.

Анализа на снаги

Комерцијални и деловни намени

Б3.1 – Ресторан (570м²)

0.06 x 193kW/ха= **11,58kW**

Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори

Д2 - Заштитно зеленило (4658,44м²)

0,46ха x 15kW/ха =**6,98kW**

Инфраструктура

Е1 – Комунална инфраструктура – Сообраќајна инфраструктура (5551,58м²)

Е1.8 – Трансформаторска станица (12,8м²)

Е2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (1505,53м² со вклучена настрешница)

0.67ха x 15kW/ха = **10,08kW**

Вкупна потребна вршна снага за сите постојни и новопланирани содржини

ΣRed.vk = ΣRed.kd. + ΣRed.zsrm. + ΣRed.i.

ΣRed.vk = 11,58+6,98+10,08= 28,64kW

Освен анализа на снагата утврдена согласно намената на градбите, земено е во предвид и оптоварувањето заради корисниците и бројот на вработени. Соодветно, потребно е да се обезбеди инсталирана моќност од 220kW, при што едновремена моќност би изнесувала оклу 150kW.

Потребен број на трансформаторски станици;

$$N = \frac{\Sigma Red.vk.}{\eta \cdot Sn} = \frac{220}{0,75 \cdot 1000} = 0,29$$ трафостаници.

За да се обезбеди оваа енергија потребно е да се изгради трансформаторска станица од најмалку 250kVA, која може да биде компактна или столбна, во зависност од електроенергетската согласност која треба да се добие од дистрибутерот. Сметано е за енергетски трансформатори со снага од 1000kVA, напонско ниво 10/(20)/0,4kV.

Со предметниот урбанистички проект, градежната парцела се планира да се приклучи на постојната електро-дистрибутивна мрежа, преку изградба на средно-напонски приклучок со моќност од 35kV и заштитен појас 1м од осовината, и самостојна трафостаница преку најблиска приклучна точка.

Согласно известување од АД МЕПСО, бр.11-5066/1 од 09.09.2021 година, наведено е дека предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО. Со предметниот урбанистички проект, на градежната парцела не се планираат инсталации во надлежност на АД МЕПСО.

Согласно известувањето од АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ, бр. 08-4331/1 од 20.09.2021 година, наведено е дека на предметниот проектен опфат АД ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој проектен опфат. ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој проектниот опфат. Со предметниот урбанистички проект, на градежната парцела не се планираат инсталации во надлежност на ЕСМ.

2.19. Телекомуникациска инфраструктура и објекти

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД-Скопје, бр.37960 од 06.09.2021 година, во рамките на предметниот проектен опфат има постојна МКТ инфраструктура:

- оптички кабел, на начин прикажан во графички прилози;

Согласно податоците и информациите добиени од Агенција за електронски комуникации, бр.1404-2449/2 од 13.09.2021 година, на посочената локација има постојна инфраструктура со која располага Агенцијата за електронски комуникации:

- оптички кабел, на начин прикажан во графички прилози;
- канал, на начин прикажан во графички прилози.

Со предметниот урбанистички проект предвидено е објектите да се поврзат на постојната комуникациска инфраструктура.

За горе-опишаното проектно решение, Македонски Телеком АД-Скопје, се произнело позитивно со мислење бр. 40879 од 14.02.2022 година.

2.20. Гасоводна инфраструктура

Согласно податоците и информациите добиени од ГА-МА АД, Скопје, бр.0308-1403/2 од 22.09.2021 година, на наведениот проектен опфат има магистрален гасовод Ø426мм.

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП Куманово-Гас, Куманово, бр.03-165/1 од 06.09.2021 година, во рамки на предметниот проектниот опфат нема реализирана-изведена ниту планирана, дистрибутивна, гасоводна мрежа.

Согласно податоците и информациите добиени од Национални енергетски ресурси, Скопје, бр.03-2783/2 од 13.09.2021 година, на наведениот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со предметната планска документнација не е планирана изградба на гасоводна инфраструктурна мрежа, соодветно на тоа, добиени се позитивни мислења од ГА-МА АД Скопје, бр. 0308-445/2 од 23.02.2022 година, ЈП Куманово – Гас, Куманово, бр. 03-4/24 од 09.02.2022 година и Национални енергетски ресурси, Скопје, бр. 15-442/2 од 10.02.2022 година.

2.21. Инфраструктура на водостопанство

Согласно известувањето од АД Водостопанство на РСМ Скопје бр. 11-2146/3 од 06.10.2021 година, во рамките на предметниот проектен опфат нема свои објекти и инфраструктура со кои стопанисува.

2.22. Хортикултура и партер

Процентот на озеленетост во рамките на ново-формираната градежна парцела е планирано да изнесува 20%, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр. 11/18 и 42/20), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен, а зеленило под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се 32,85% зеленило во рамки на проектниот опфат.

Пешачките површини предвидено е да се поплочат со плочки за надворешна употреба, додека манипулативното плато и самите влезни партии со травертин како завршна обработка.

Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензиската пумпна станица, да се засади со зеленило со цел да намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Архитектонско урбанистички проект, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

3.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 08-2073/2 од 12.10.2021 година, констатирано е дека на предметниот проектен опфат и неговата непосредна близина се наоѓаат евидентирани недвижни добра археолошки локалитет **„Мала Сарајлија“**, идентификувам како населба од неолитско и пимско време (викус), и археолошки локалитет **„Романовско поле“**, идентификуван како населба од железно и римско време.

Поради тоа а во согласност со одредбите од член 69 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), Министерството упатува на контактирање со НУ Национален конзерваторски центар Скопје, како надлежна установа за заштита, при што истиот треба да изврши увид во границите на опфатот, и да се произнесе со стручно мислење и утврдување соодветен режим на заштита.

Согласно Извештајот од извршен увид во границите на проектниот опфат на предметниот урбанистички проект бр. 08-404/3 од 25.10.2021 година, стручниот тим на НУ Национален конзерваторски центар Скопје констатира дека:

- На територијата на Агино Село, Општина Куманово се наоѓаат два евидентирани археолошки локалитети: „Мала Сарајлија“ и „Романовско Поле“;
- Во близина на границите на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти се наоѓа археолошкиот локалитет „Мала Сарајлија“, евидентиран како населба од неолитско и римското време (викус), со бр. 4-817-001/65 ЕНД. Лоциран е на северниот дел од селото, на место кое селото го викаат Сарајлија, на десната страна од Брзачка Река. Локалитетот не е пристапен за детална површинска проспекција.
- Од увидот, односно со површинска проспекција на самата локација за планираната бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, која опфаќа голема површина, откриени се само два фрагменти садова керамика со хронолошка припадност на доцниот неолит. И покрај деталната површинска проспекција на предметната локација не може да се препознаат археолошки остатоци, ни други до сега неевидентирани културни добра. Поради тоа, се претпоставува дека забележаните фрагменти керамика се донесени од просторот каде што е лоциран археолошкиот локалитет „Маја Сарајлија“.

Согласно Извештајот од извршен увид во границите на планскиот опфат на предметниот Урбанистички план добиен од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје бр. 08-404/3 од 25.10.2021 година, во текот на спроведувањето на Урбанистичкиот план се наложува задолжително присуство на овластен археолог-конзерватор, кој ќе врши археолошки конзерваторски надзор при изведување на земјените работи односно откоп за поставување на предметните објекти.

Оттаму, пред отпочнување на градежните и/или земјени работи, изведувачот е должен да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор на земјени работи.

Исто така, НУ Национален конзерваторски центар – Скопје известува дека во Годишната програма за работа на НУ НКЦ за 2021-2022 година не се предвидени средства за овие активности, па финансискиот товар паѓа на терет на Инвеститорот.

НУ Национален конзерваторски центар – Скопје напоменува дека доколку за време на изведување на градежни и земјени работи, на места кои не се предвидени во доставениот Извештај, на просторот каде ќе се врши ископ за поставување било какви пропратни објекти, биде откриено движно и/или недвижно културно наследство, согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство, Изведувачот е должен веднаш да ги сопре работните активности и за настанатата ситуација да ја извести надлежната установа односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

3.2. Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Градежната парцела се развива согласно современите урбанистички принципи со класа на намена Е-Инфраструктура и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
- Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан сиетем на зеленило.

Овој проектен опфат нема негативно да влијае на околината.

Прашањето на одвоз на отпад да се реши во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз, и да се постават контејнери према видот на одпадот. Просторот околу контејнерите да се уреди за овозможување услови за одржување и несметан пристап од сообраќајница.

Законска регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на предметниот УП вон опфат на урбанистички план е следна:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

Иако изработката на предметниот Урбанистички проект се врши врз основа на Условите за планирање на просторот со тех.бр. Y21421 од септември 2021 година (изработени од Агенцијата за планирање на просторот), заедно со Решение за услови за планирање на просторот бр. УП1-15 1363/2011 од 14.09.2021 година, локацијата која е предмет на уредување не се наоѓа во предел со природно наследство или во негова непосредна близина и затоа не се пропишани режимите на заштита.

3.3. Заштита на почвата, површинските и подземните води

При изградба на содржините во склоп на проектниот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува отстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат

или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Во смисол на заштита на подземните води се предвидува:

- Заштита на проточните и подземните води има приоритети со соодветно техничко технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.)
- Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Земено предвид дека со предметниот Урбанистички проект, предметниот проектен опфат е планиран за изградба на објект со основна класа на намена Е2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (бензинска пумпа со услужен центар), не постои опасност од одлевање на фекални и атмосферски води и со самото тоа нема опасност од загадување на почвата и подземните води.

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води, бр. 11-4919/4 од 10.11.2021 година, заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, сите надземни површини за градба се надвор од заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м, додека за изградба на објекти и постројки во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50 метри, треба да се прибави водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање или да се редефинира крајбрежниот појас со хидролошка студија.

3.4. Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.

Со предметниот Урбанистички проект, согласно планираната основна класа на намена Е2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (бензинска пумпа со услужен центар), потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило во склоп на предметната градежна парцела, согласно Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр. 11/18 и 42/20).

Во таа насока, Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензиската пумпна станица, да се засади со зеленило со цел да намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

3.5. Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со Урбанистичкиот проект се предвидува изградба на градба со намена Е – Инфраструктури и не се очекува значителна концентрација на возила кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10 и 223/19) и Правилник за максимално дозволените концентации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл. Весник на РМ бр.03/90).

Во таа насока, Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензиската пумпна станица, да се засади со зеленило со цел да намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

3.6. Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во

истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и мала количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

3.7. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Со писмен допис бр. 03-105/4 од 06.10.2021 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување

Куманово, и добиен е одговор бр. 09-389/2 од 06.10.2021 година во кој се наведува, дека на опфатот нема постоечки и/или планирани објекти и/или инсталации во владание или надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и системи потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;

- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од техничко- технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

3.8. Урбанистичко-технички мерки

3.8.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.

При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.

Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.

Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.

Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.

Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон. Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

3.8.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Со писмен допис бр. 03-105/4 од 06.10.2021 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување

Куманово, и добиен е одговор бр. 09-389/2 од 06.10.2021 година во кој се наведува, дека непосредно покрај опфатот, од запад, кон југ тече малиот речен рек Сува Река. Теренот е релативно рамен, со мал пад кон запад и генерално кон југ.

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води, бр. 11-4919/4 од 10.11.2021 година, заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, сите надземни површини за градба се надвор од заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м, додека за изградба на објекти и постројки во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50 метри, треба да се прибави водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање или да се редефинира крајбрежниот појас со хидролошка студија.

3.8.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди.

Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица од Куманово. Пунктот на истата е лоциран на ул.11ти Октомври, Куманово, односно оддалечен е од предметната локација на околу 9.5 километри. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 8 минути.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;

- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од најмалку 3 страни,
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во општина Куманово која го опслужува овој проектен опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- Во просторот, предмет на урбанистичкиот проект, потребно е да се изготви проект за хидрантска мрежа за надворешни и внатрешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите.

  Со понатамошна разработка на градбите утврдени со урбанистичкиот проект преку основни проекти, задолжително да се планира изведба на внатрешна и надворешна мрежа согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. весник на РМ бр. 26/18).

  Надворешна хидрантска мрежа

  Согласно горе-споменатиот правилник се утврдува потребата од изведба на надворешна хидрантска мрежа како прстенест систем на цевководи. Растојанието помеѓу два соседни надворешни хидранти да се определи во зависност од намената, големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два соседни надворешни хидранта треба да изнесува најмногу 80м. Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот да изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м. Околу објектот што се штити од пожар да се поставуваат надземни хидранти, а ако надземните хидранти го попречуваат сообраќајот, да се поставуваат подземни хидранти. Хидрантите треба да бидат лесно достапни и постојано подготвени за употреба и да се означат со таблица со запишано растојание од ознаката до местото на кое се наоѓа хидрантот. Според протоколот што треба да се оствари, се

вградуваат хидранти од Но 80 или од Но 100. Хидрантите треба да бидат поставени и заштитени да се спречи нивно замрзнување или оштетување. Цевките на разводниот цевковод во мрежата на хидрантите и цевките за одделен хидрант треба да имаат пречник не помал од 100мм. Потребниот притисок во надворешната хидрантска мрежа, не треба да биде помал од 2,5 bar. Ако надворешната хидрантска мрежа располага со доволна количина вода, а притисокот не е доволен, треба да се вгради уред за зголемување на притисокот на водата, при што пумпата треба да го обезбеди потребниот притисок, кој на местото на потрошувачката изнесува најмалку 2,5 bar. Во непосредна близина на хидрантот, предвиден за непосредно гаснење на пожар, да се постави ормар за сместување на цревата, млазникот, клучот и другата потребна опрема. Бројот на црева со стандардна должина се определува во зависност од оддалеченоста на хидрантот од објектот како и според потребите за интервенција од надворешната страна на објектот.

Внатрешна хидрантска мрежа

За внатрешната хидрантска мрежа се употребуваат цевки со најмал внатрешен пречник од 52мм, односно хидрантски приклучок со најмал внатрешен пречник од 52мм од типот С, според македонскиот стандард МКС Б.6.673. Цевките за внатрешната хидрантска мрежа не се поставуваат низ простории загрозени од пожар. Во поголемите простории цевките за внатрешна хидрантска мрежа можат да се поставуваат и покрај внатрешните столбови на објектот. Меѓусебното растојание на хидрантите се определува така што целокупниот простор што се штити се покрива со млаз вода, при што се води сметка за тоа должината на цревата да изнесува 15м, а должината на компактниот млаз 5м. Хидрантите се сместуваат во премини, скалишни простории и патишта за евакуација, во непосредна близина на влезните врати на просториите што можат да бидат загрозени од пожар, со услов да не ја попречуваат евакуацијата. Во хидрантскиот ормар се поставува пожарникарско црево со номинален пречник од 52мм со млазник со пречник 12мм, и универзален клуч за пожарникарски спојки.

- во понатамошната разработка на објектите со Основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/00).

Со писмен допис бр. 03-105/4 од 06.10.2021 год., побарани се податоци и информации од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување Куманово, и добиен е одговор бр. 09-389/2 од 06.10.2021 година во кој се наведува дека опфатот е во селско подрачје, скоро без градби. На север и југ граничи со обработливо

земјиште, на запад со мал речен тек, а од исток со автопат. Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде преку:

a) Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции

b) Вградување противпожарни пречки (член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита и спасување Сл.весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18).

c) Вградување на соодветна хидрантска мрежа

При изработката на Урбанистичкиот проект почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 152/19) или (Пречистен текст 168/17 и 152/19), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18 со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на понатамошна проектна документација, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Обезбедување на хидрантска вода ќе биде остварено преку зафаќање на санитарната вода и тоа со инсталација на надворешна хидрантска мрежа, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект.

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

3.8.4 Зони на опасност и од избувнување на пожар, експлозија

Места загрозени од експлозивни смеси претставуваат зони на опасност. Зони на опасност се сметаат сите места, отворен простор и внатрешни простории, каде што постојат или можат да се појават запаливи гасови, пареи на запаливи течности и ситни честички од запалива прашина во соодветна смеша во воздухот, истите се одредени спрема:

- основните карактеристики на запаливите течности,
- можност за создавање на експлозивни смеси на запалните гасови со воздухот,
- одалеченост мерена по најкраток пат по кој запалните гасови можат да се шират на отворен простор (имајќи во предвид дека овие гасови се потешки од воздухот).

Според прописите за противексплозивна заштита (S) и ЈУС (МКС) стандардите предвидени се три зони на опасност и тоа “0”, “1”, “2”.

Забелешка: -Направени се измени и со Законот за стандардизација и овие зони се означуваат како “1”, “2” и “3” – зона на опасност (соодветна) и притоа нема промени во поглед на дефинирањето на самите зони.

Зона “0” опфаќа:

- внатрешноста на резервоарите и окната во кои се сместени приклучоците за полнење.

- автоматот за полнење, мерачот на проток, арматурата и другата опрема што сочинува целост со уредите за полнење.

Зона “1” опфаќа:

- просторот околу окната на резервоарите во кои се сместени приклучоци за полнење, околу одивните цевоводи и вентили на полупречник од 3м мерено хоризонтално и висина 1м мерено од завршната површина,

- просторот околу автоматите за точење на гориво, односно околу отворот за источување на автоцистерната со полупречник од 2,5м мерено хоризонтално и висина 1м над тој автомат односно отворот мерен од завршната површина,

- просторот околу отворот за полнење на погонските резервоари на моторните возила што се снабдуваат со гориво со полупречник 1м хоризонтално и висина 1м мерено од завршната површина,

- просторијата во објектот во која се држат запаливи течности од група 1 и 2.

Во зона “1” не смеат да се наоѓаат канализациони отвори за одведување на атмосферски талог, јами и отворени канали за кабли и цевоводи.

Зона “2” опфаќа:

- просторт над околниот терен со ширина од 5м мерено хоризонтално од работ на зона “1” и висина 0,5 м мерено од завршната површина.

3.8.5 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

3.8.6 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во рамки на проектниот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Согласно дописот од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување Куманово, бр. 09-389/2 од 06.10.2021 година, проектниот опфат се наоѓа во сеизмоген извор-подрачје од втор ред (случени земјотреси со M=4,5°-5,7°, односно очекувани земјотреси со јачина од 5,5° до 6,0° по Рихтер, односно 8° по Меркалиј-Канцани Зиберг), па во склад со овие бројки треба да се предвидат и конкретни мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.

Проектното решение во Урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи. Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на понатамошната проектна документација.

3.8.7 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко - технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко- технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и остранување на предизвиканите последици.

На градежната парцела предмет на овој Урбанистички проект, заради намената на градбите има можност од појава на технички несреќи. Но, заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина предвидени се горенаведените превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во евентуалните технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

3.8.8 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.

Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

3.9. Хуманитарни мерки

3.9.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

3.9.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое

поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

3.9.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Дополнително доколку производниот процес вклучува употреба на опасни материи, при понатаможната разработка на парцелата, потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на опасните материи.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

3.9.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. За предметниот проектен опфат кој припаѓа на реонот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Куманово во рамки на која има пункт на Итна медицинска помош (ИПМ) Куманово,

лоциран на ул.11ти Октомври, Куманово, тој временски рок би изнесувал приближно 13 мин., земајќи ја во предвид оддалеченоста од околу 10,5км.

3.9.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од жи-вотинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.9.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.9.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

3.9.8 Свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па следствено при изработка на основен проект потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

4. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на проектниот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот проект.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

Опис и образложение на проектниот концепт

1. Понатамошната разработка на Урбанистичкиот проект ќе биде со Основен проект.
2. Проектниот опфат кој е предмет на формирање и разработка со овој Урбанистички проект ги зафаќа катастарските парцели КП бр. 252/1, 253, 254/1 и 255/1, како и катастарските парцели и деловите од катастарските парцели кои му припаѓаат на магистралниот пат А1(М1-Е75) и тоа соодветно: КП 252/2, 254/2, 255/2 и делови од КП бр. 2669, 1192, 1193/3, 1194/2, 1195/2, 1197/2, 1198/2, 245/2, 246, 247/2, 248/1, 248/3, 248/4, 249/3, 249/4, 250, 251/2, 256/2, 257, 258/2, 259/2, 260, 261/2, 262, 263, 264, 265, и дел од КП бр. 260, м.в. "Чешма", КО Агино Село, општина Куманово, со вкупна површина од 23473,36м^2 (2.35ха). Границите на проектниот опфат се означени со линија и прекршни точки, дадени со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		
	Y	X
T1	7557261.4196	4657901.3247
T2	7557271.48	4657958.0805
T3	7557300.4499	4658095.2035
T4	7557314.8887	4658140.5377
T5	7557296.1206	4658145.2626
T6	7557277.1650	4658078.7013
T7	7557249.9823	4657936.0005
T8	7557242.3237	4657875.9233
T9	7557230.2800	4657844.8700
T10	7557228.1500	4657827.8600
T11	7557123.4100	4657837.3900
T12	7557120.8700	4657827.4900
T13	7557123.8100	4657819.5200
T14	7557128.2400	4657809.1500
T15	7557124.8000	4657793.3500
T16	7557114.0900	4657779.4800

T17	7557114.8800	4657763.2400
T18	7557116.6800	4657744.6800
T19	7557125.0000	4657736.0900
T20	7557219.0200	4657747.4000
T21	7557227.5287	4657712.5266
T22	7557227.3648	4657671.9086
T23	7557227.2202	4657636.0442
T24	7557228.1964	4657566.9335
T25	7557232.1100	4657554.2080
T26	7557232.5060	4657518.5400
T27	7557232.6440	4657508.4960
T28	7557234.9255	4657483.6616
T29	7557237.5760	4657451.6850
T30	7557243.0430	4657383.7930
T31	7557244.0160	4657367.7780
T32	7557245.5900	4657342.9620
T33	7557246.9640	4657319.6100
T34	7557248.5380	4657298.9290
T35	7557248.3856	4657297.7122
T36	7557258.2834	4657297.7415
T37	7557254.6588	4657376.2991
T38	7557247.1224	4657474.7604
T39	7557240.8930	4657629.7213
T40	7557246.1385	4657753.3755

3. Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои ја обележуваат промената на носителот на правото на градење. Со предметниот УП, во рамките на проектниот опфат се формира 1 градежна парцела со поединечна намена Е2.1. – Згради и комплекси на патниот сообраќај (бензинска пумпа со услужен центар), со вкупна површина од 9295,09м² (0,93ха).

4. Поединечната намена на ГП 1 од овој урбанистички проект се дефинира како Е2.1. – Згради и комплекси на патниот сообраќај (бензинска пумпа со услужен центар)

5. За ГП 1 од овој Урбанистички проект, се предвидуваат комплементарни класи на намена и тоа: Ресторан и Трансформаторска станица.

6. За ГП 1 од овој Урбанистички проект, употребени се следните градежни линии: градежна линија, помошна градежна линија и подземна градежна линија.

7. Градежната линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

8. Помошната градежна линија означува денивелацијата на првостепената пластика, како што се различни височини на различни делови од градбата, како што во предметниот проект е настрешницата на на бензинската пумпа.
9. Подземна градежна линија означува границата на градењето под котата на теренот.
10. Предложената позицијата на инфраструктурните градби, како и на линиската инфраструктура, при понатамошното спроведување на предметниот урбанистички проект може да претрпи измени, детерминирани од техничко – технолошките карактеристики на самите градби, како и заради непредвидени ситуации на терен, кои може да произлезат при изградба на градбите, без да имплицира изработка на нов урбанистички проект. Во сите случаеви, новата позиција и/или траса на градбите не смее да излезе надвор од утврдената подземна градежна линија.
11. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадени елементи од архитектонска пластика на градбите, а во согласност со одредбите на член 108 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20 , 219/21 и 104/22).
12. Со предметниот урбанистички проект се дефинираат површини за градење во рамките на градежната парцела на начин прикажан во графичките прилози. Максималната површина за градење изнесува 596,01м² (1505,53м² со надстрешници).
13. Развиената површина за градење изнесува 881,01м² (1790,53м² со надстрешници).
14. Сите надземни површини за градба се надвор од заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м, додека за изградба на објекти и постројки во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50 метри, треба да се прибави водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање или да се редефинира крајбрежниот појас со хидролошка студија.
15. Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.
16. Со предметниот урбанистички проект предвидена е максималната височина на завршниот венец од 6.00-8.00 метри.
17. Максимална височина на нултата плоча во однос на котата од заштитниот тротоарот е 15см.
18. Процент на изграденост на земјиштето (%) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу

површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Со предметниот урбанистички проект процентот на изграденост на утврдената градба е ограничен на 6,41%.

19. Коефициент на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште. Со предметниот урбанистички проект коефициентот на искористеност на земјиштето изнесува 0,09.

20. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни катови, изградени од нулта плоча. Во вкупната изградена површина не влегуваат површините од пречекорувањата од член 108 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

21. Колски пристап во градежната парцела ГП 1 од предметниот УП, е обезбеден преку ленти за забавување и забрзување од магистралниот пат М1 (А1-Е75) во правец Романовце - Миладиновци, на начин прикажан во графичките прилози.

22. Со предметниот урбанистички проект обезбедени се вкупно 31 паркинг места за автомобили, од кои 2 се наменети за лица со инвалидитет, 3 паркинг места за комбиња, 4 паркинг места за автобуси и 7 паркинг места за товарни возила, на начин прикажан на графичките прилози.

23. За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите од точка 13 од Стандарди за мобилност и пристапност од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

24. Неизградениот простор се предвидува да се уреди со ниско и високо зеленило. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18 и 42/20), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило на ниво на терен, а зеленило под кое нема градба. Со предметниот урбанистичи проект, обезбедени се 32.85% зеленило во рамки на градежната парцела. Пешачките површини предвидено е да се поплочат со плочки за надворешна употреба.

25. Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензиската пумпна станица, да се засади со зеленило со цел да намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

26. При планирање на комунална инфраструктура да бидат запазени стандардите и нормативите пропишани со позитивните закони и подзаконски акти.

27. Снабдувањето со санитарна и технолошка вода на предметната градежна парцела се планира да се изведе од сопствени бунари со изведба на соодветна внатрешна разводна мрежа, на начин прикажан на графичките прилози.

28. Одведувањето на фекалните води на предметната градежна парцела се планира да се изведе со попивателен бунар како финален реципиент, по предходен соодветно биолошко прочистување во биолошки пречистителни станици за отпадни води. Овој бунар повремено ќе се празни со цистерна во договор со надлежно локално комунално претпријатие.

29. Одведувањето на атмосферските води на предметната градежна парцела се планира да се изведе со попивателни бунари со претходно соодветно третирање преку механичко отстранување на песокта со песколов и маслофаќач, на начин прикажан на графичките прилози.

30. Прецизно димензионирањето на внатрешните и надворешните инфраструктурните водови и инсталации ќе биде решена со основни проекти за секоја фаза одделно.

31. Приклучувањето на електродистрибутивната мрежа да се изведе во склад со условите кои ќе бидат зададени од надлежното електростопанско претпријатие, а во склад со техничките прописи за ваков вид на инсталација. Со предметниот урбанистички проект, градежната парцела се планира да се приклучи на постојната електро-дистрибутивна мрежа, преку изградба на средно-напонски приклучок со моќност од 35kV и заштитен појас 1м од осовината, и самостојна трафостаница преку најблиска приклучна точка.

32. Во непосредна близина на проектниот опфат нема постојна и планирана гасоводна мрежа и соодветно на тоа, не е предвидено градбите во предметниот проектен опфат да се приклучат на гасоводна мрежа.

33. Во непосредна близина на проектниот опфат има постојна телекомуникациска мрежа во сопственост на Македонски Телеком АД и АЕК. Со предметниот урбанистички план, предвиден е коридор до постојната телекомуникациска инфраструктура.

34. Разделниот заштитен појас кој треба да се постави помеѓу работ на коловозот на сообраќајницата и бензиската пумпна станица, да се засади со зеленило со цел да намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетација да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата.

35. Сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на градежната парцела без да претставуваат пречка за нормалното колско и пешачко движење.

36. За сите градби во планскиот опфат да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Дополнително, за сите градби:

- да се применат асеизмички конструктивни системи;
- применетите материјали за бидат издржливи на пожар;
- градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, односно да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, како услов за заштеда на енергијата, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина (Агенда 21);
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите со препознатлив локален архитектонскиот израз на градбите;
- доколку сончевата енергија се искористи преку употреба на сончеви колектори, истите да бидат така поставени да не го нарушуваат архитектонскиот израз на градбите;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите согласно позитивната законска регулатива.
- Градежните парцели или дел од нив може да бидат заградени. Оградата да се изработи согласно позитивната законска регулатива.

37. Доколку при реализацијата на планираната изградба дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Сл. весник на РМ” бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15,154/15, 192/15 и 39/16).

38. Сите параметри за уредување на просторот на предметниот проектен опфат, кои не се опфатени со општите услови за градење да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и друга регулатива која го допира планирањето и уредувањето на просторот.

Мерки за заштита на животната средина

При изготвување на Основните проекти за градбите и Основните проектите на инфраструктура, како и при самата градба, обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст и 152/19) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 94/09) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Односно, при понатамошната изработка на Основниот проект, како и при изградба на градбата, Мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбата да биде оптимално сеизмички отпорна на 9° по МЦС скалата, да биде изградена со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

Мерки за заштита на културно наследство

Доколку при реализацијата на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, мора да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од (Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Изведувачот е должен да ја извести надлежната институција односно НУ Национален конзерваторски центар – Скопје за отпочнувањето на градежни и/или земјени работи, и да овозможи присуство на стручен кадар кој ќе врши стручен археолошки надзор на земјените работи.

Елементи на обликување на градбите

За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала колочина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се примени естетско парковско зеленило и заштино зеленило, погодно за климатските простори;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

Услови за понатамошна разработка

При изработка на Основните проекти за градбите, како и Основните проекти за инфраструктурите, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, како и прописите за заштита на животната средина.

Се што не е регулирано во општите одредби на предметниот Урбанистички проект е предмет на понатамошна разработка согласно стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Други податоци и информации од субјектите, релевантни за постојната состојба на подрачјето на проектниот опфат

- ***Јавно претпријатие за државни патишта***

Согласно податоците и информациите добиени од Јавно претпријатие за државни патишта, бр. 10-9123/2 од 16.09.2021 година, покрај приложениот проектен опфат поминува магистралниот пат (автопат) А1 (М-1) за кој во плановите на претпријатието не епредвидено проширување ниту менување на сегашната траса..

Во дописот се наведува во понатамошни активности да се запази ширината на заштитниот појас на магистралниот пат (автопат) А1 (М-1) согласно член 40 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16). Дополнително се наведува да бидат исполнети и одредбите од член 313 од Правилникот за технички елементи за изградба и реконструкција на патишта (Сл. Весник на РМ бр. 110/09, 114/09,

26/10, 124/10, 163/10, 94/11 и 146/11), кој се однесува на најмалото растојание до најблиската званична клучка или друг легален приклучок на прислужно – услужен објект.

- ***Електродустрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг***

Согласно податоците и информациите добиени од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Оддел Мрежен Инженеринг бр. 10-55/5-240 од 20.09.2021 година, при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

- ***ГА-МА АД, Скопје***

Согласно податоците и информациите добиени од ГА-МА АД Скопје, бр. 0308-1403/2 од 22.09.2021 година, при изработка на Урбанистичкиот проект потребно е да се земе во предвид изведениот магистрален гасовод и придржување кон “Правилникот за техничките услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленоводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт” (Службен лист на СФРЈ бр.26/85).

- ***Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа***

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа, бр. 11-4417/5 од 08.10.2021 година, констатирано е дека предметниот опфат се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја утврдени со закон.

- ***Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина, Сектор за води***

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа, бр. 11-4919/4 од 10.11.2021 година, констатирано е дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја во Република Македонија, а притоа е во непосредна близина на еден постојан воден тек. Предметната локација не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на Република Македонија 2002-2020, за истата министерството не располага со соодветни геопросторни податоци за заштитни зони за водени тела наменети за консумирање од страна на човекот. Управата за животна средина – Сектор води при Министерството за животна средина и просторно планирање, известува дека во согласност со Законот за водите (Службен весник на Р. Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016), при изработка на проектната документација треба да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита ма водите:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животна средина.

2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кои би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
- да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите;
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;
- да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножницата на одбранбените насипи;
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

4. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите на корисниците.
5. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци.
6. Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени места и стопански комплекси, согласно Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл. Весник на РМ бр.18/99).
7. Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат опасни материи и супстанци, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанци се градат, поставуваат, работат и одржуваат во согласност со најдобри остапни техники прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.
8. Во случан на емисија што би можела да влезе директно или индиректно во површински води, подземни или канализационен систем, правното лице одговорно за работењето на постројката мора веднаш да го информира Министерството за животна средина и просторно планирање, како и да ги преземе последиците по животната средина.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење на води, односно Дозвола за испуштање во водите под услови и на начин утврдени со овој закон.

Во однос на постојните водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и ситемите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија.

Воедно, Министерството за животна средина и просторно планирање информира дека не може да се произнесе по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на проектниот опфат, затоа што не располага со таков вид на податоци и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл. Весник на РМ бр.6/12) општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации секоја за своето подрачје.

- ***Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост - Подрачна единица Куманово***

Согласно податоците и информациите добиени од Министерство земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост - Подрачна единица Куманово, бр. 40-7402/4 од 27.09.2021 година, наведените КП за КО Агино Село се водат во приватна сопственост на Друштво за трговија на мало со моторни горива и мазива Алби Компани ДОО Скопје.

- ***Агенција за цивилно воздухопловство***

Согласно податоците и информациите добиени од Агенцијата за цивилно воздухопловство бр. 12-8/2021-293 од 06.09.2021 година, на посочената локација нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство, а градбите во проектниот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

- ***Јавно претпријатие за железничка инфраструктура – Железници на Република Македонија - Скопје***

Согласно податоците и информациите добиени од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура бр.2001-5247/2 од 16.09.2021 година, проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

- ***Министерство за одбрана***

Согласно податоците и информациите добиени од Сектор за недвижности при Министерство за одбрана бр. 19/2-11/232 од 04.10.2021 година, министерството на располага со техничка документација за кабелски инсталации.

- ***Министерство за внатрешни работи***

Согласно податоците и информациите добиени од Одделот за информатика и телекомуникации, Сектор за телекомуникации при Министерство за внатрешни работи бр. 11.2.83038/2 од 22.09.2021 година, на посочената локација постојат инсталации во надлежност на министерството.

- ***Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение Куманово***

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Куманово бр. 09-389/2 од 06.10.2021 година, наведено е дека:

1. На опфатот нема постоечки и/или планирани објекти и/или инсталации во владание или надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување. Нема сознанија за присуство на неексплодирани убојни и други експлозивни средства.

2. Заштита и спасување од пожари

Опфатот е во селско подрачје, скоро без градби. На север и југ граничи со обработливо земјиште, на запад со мал речен тек, а од исток со автопат. Заштитата на градбите, помеѓу другото, поволно и прописно е да биде преку:

a) Правилен избор на вградените материјали и применети конструкции
b) Вградување противпожарни пречки (член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за заштита и спасување Сл.весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18).
c) Вградување на соодветна хидрантска мрежа

3. Заштита и спасување од поплави

Непосредно покрај опфатот, од запад, кон југ тече малиот речен тек Сува Река. Теренот е релативно рамен, со мал пад запад и генерално кон југ.

4. Заштита и спасување од урнатини

Опфатот се наоѓа во сеизмоген извор-подрачје од втор ред (случени земјотреси со М=4,5°-5,7°, односно очекувани земјотреси со јачина од 5,5° до 6,0° по Рихтер, односно 8° по Меркалиј-Канцани Зиберг), па во склад со овие бројки треба да се предвидат и конкретни мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.

5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела. Посебните услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

Градежна парцела бр. 1

- Класа на намена: Е2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (бензинска пумпа со услужен центар)
- Во рамките на проектниот опфат се предвидуваат комплементарни класи на намена и тоа: Ресторан и Трансформаторска станица.
- Површина на градежна парцела: 9295,09м²
- Максимална површина за изградба: 596,01м² (1505,53м² со надстрешници)
- Вкупна површина по катови: 881,01м² (1790,53м² со надстрешници)
- Сите надземни површини за градба се надвор од заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м, додека за изградба на објекти и постројки во заштитниот крајбрежен појас во широчина од 50 метри, треба да се прибави водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање или да се редефинира крајбрежниот појас со изработка на хидролошка студија.
- Коефициент на искористеност (К): 0.09
- Процент на изграденост (%): 6,41
- Процент на озеленетост (%): 32,85%
